## ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

# А Н А Л И З А

**за потребите од следење на одредниците на учениците после завршувањето на средното стручно образование**

**Скопје, 2013 година**

**Членови на работната група за изработка на Анализата:**

1. **м-р. Зоран Јовчевски, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
2. **спец. Ардијана Исахи Палоши, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
3. **м-р. Роза Арсовска, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**

**Членови на истражувачкиот тим:**

1. **Лепа Трпчевска, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
2. **Елизабета Јовановска Радановиќ, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
3. **Бранко Алексовски, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
4. **м-р. Лидушка Василевска, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
6. **Ридван Зеќири, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
7. **м-р. Чедомир Димовски, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**
8. **д-р Ласте Спасовски, советник во Центарот за стручно образование и обука, Скопје**

**Координатор – спец. Ардијана Исахи Палоши**

**Рецезент - Зоран Велковски**

# С О Д Р Ж И Н А

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ.......................................................................5

Увод.......................................................................................................6

1. Глобален осврт на средното образование во Република Македонија.........................................................................................8

2. Постојна состојба со следењето на средното стручно образование во Република Македонија.....................................................................12

3.Методологија на истражувањето ......................................................14

3.1. Проблемска рамка и потреби на истражувањето.....................................14

3.2. Предмет и цел на истражувањето.......................................................15

3.3. Задачи на истражувањето...................................................................16

3.4. Методи, техники и инструменти на истражувањето.................................17

3.5. Организација и тек на истражувањето...................................................19

3.5.1.Фазана подготовка.............................................................................19

3.5.2.Фазана реализација............................................................................20

3.5.3.Фаза на анализа и интерпретација на резултатите .....................20

3.5.4. Временска организација на истражувањето...............................21

4. Опфат во истражувањето.......................................................................22

5. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето...................26

5.1. Согледување на менаџментот за следењето на одредниците на учениците после завршувањето на образовниот процес ...............................27

5.2. Согледување на наставниот кадар за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес...........................37

5.3. Согледување на учениците за следењето на нивните одредишта после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште........................................................................................................43

5.4. Согледувања на работодавачите за следењето на одредиштата на учениците по завршувањето на образовниот процес................................53

5.5. Согледување на локалната самоуправа за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес................................63

5.6. Согледување на завршените ученици со статус на невработени лица за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес ...........................................................................................71

5.7. Согледување на институциите надлежни за средното стручно образование за следењето на одредиштатас на учениците после завршување на образовниот процес...............................................................73

6. Заклучни согледувања за системското следење на патиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес...............................75

7. Препораки за градење на систем за следење на одредиштата на учениците после завршувањето на средното стручно образование..............78

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АВРМ** – Агенција за вработување на Република Македонија

**БРО** – Биро за развој на образование

**ДИЦ** – Државен испитен центар

**ДПИ** – Државен просветен инспекторат

**ECVET** - European credit system for vocational education and training

**EMIS** – Educational Management Information System

**ЕМИС** – Информациски систем за управување со образованието

**EQF** – European qualifications framework

**ЕРК** – Европска рамка на квалификации

**ЕУ** – Европска Унија

**ЗЕЛС** – Заедница на единиците на локална самоуправа

**ИТ** – Информатичка технологија

**МОН** – Министерство за образование и наука

**НРК** – Национална рамка на квалификации

**ППС** – Педагошко психолошка служба

**ПТ** – Пазар на труд

**ССО** – Средно стручно образование

**СО** – Стручно образование

**СОО** – Стручно образование и обука

**ССУ** – Средно стручно училиште

**СУГС** – Средно училиште на Град Скопје

**СЕТУ** – Средно електротехничко училиште

**СОУ** – Средно општинско училиште

**ЦСОО** – Центар за стручно образование и обука

**ЦОВ** – Центар за образование на возрасен

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА АНАЛИЗАТА
за потребите од следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на средното стручно образование

изработена од Центарот за стручно образование и обука

Анализата е коректно и конзистентно поставена. Пристапот што го примениле авторите се темели на опфатна теоретска анализа на проблемот и резултатите од емпириското истражување. Структурата поседува последователност и сопствена хомогеност и соодветствува на класичниот методолошки пристап во проучувањето на општествените појави т.е. го почитува правилото: од општото кон посебното.

Предмет на ова истражување е утврдување на потребите за следењето на дестинациите на завршените ученици после завршување на образовниот процес во стручните училишта.

Авторите се обидуваат да ја утврдат постоечката состојба во однос на следењето на дестинациите на завршените ученици и отворање на можностите за инсталирање на систем за следење во стручното образование и обука. Вака поставената цел го дефинира истражувањето како применето со посебен фокус на утврдувањето на тоа како треба да се следи средното стручно образование и како треба да се однесуваме и да ги користиме воспоставените бази на податоци. Во обидот да даде одговор на овие прашања авторите се обидуваат да воспостават „комуникација“ на состојбата во нашата земја со исти или слични системи и специфики во другите земји во светот, пред се, развиените европски земји. Таа »комуникација« е истражувана на поширок системски план како состојба која е детерминирана од промените во тероретските сфаќања за значењето на следењето на напредокот на учениците и добрите примери од практиката во зависност од временскиот и просторен момент на реализацијата.

Конкретните показатели за системските решенија и успешните примери од практиката во земјите во светот се третираат како суштинска рамка во која е направен обид да се ситуира и компарира системот за следење на напредокот на учениците во Република Македонија.

Ваквата поставеност, е реализирана со историски, дескриптивен, аналитичко- синтетички и емпириски пристап, со помош на методолошки

дискурс кој овозможува фундирани и доволно практично применливи резултати.
Методолошки пристап:

Со примена на анализа на документаци, анкета и интервју операционализацијата на поставените цели во анализата е спроведена преку широк процес на консултација со различни засегнати страни, релевантни за истражуваниот проблем. Како главни извори на податоци се користени различни видови на прашалници наменети за: менаџментот, наставниот кадар и учениците од ССУ-та, работодавачите, локалната заедница, како и интервјуа и фокус групи за невработени лица кои го завршиле своето ССО и претставници од институциите надлежни за ССО.

Теоретската подлошка е поткрепена со анализа на повеќе документи како што се: Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Извештајот на колаборативната евалуација на влијанието на реформираното четиригодишно средно стручно образование, конкурси за запишување на ученици во средното образование и сл., сé со цел да се обезбедат релевантни податоци и показатели за состојбите и потребите за системско следење на дестинациите на завршените ученици од ССО.

Истражувањето ги задоволува критериумите за регионална и секторска покриеност, релевантност и валидност. Опфатени се 128 невработени лица, од кои, тројца го завршиле своето стручно образование во учебната 2007/2008 година, а 125 го завршиле своето стручно образование во учебната 2008/2009 година. Опфатеноста во однос на секторите износува: 46 испитаници од техничкиот сектор, 22 испитаници од општествениот сектор, 20 испитаници од здравствениот сектор, 16 испитаници од земјоделскиот сектор и 24 испитаници од услужниот сектор. Во Анализата се опфатени 13 Општини и Градот Скопје, 28 работодавачи/компании и институциите надлежни за ССО (МОН, БРО и ЦСОО).

Ваквата методоошка поставеност овозможила реализација на поголем број на задачи кои претставуваат операционализација на поставената цел, како:

- Скенирање на постојната состојба во однос на следењето на дестинациите на завршените ученици од средното стручно образование.
- Утврдување на потребата од следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на ССО.
- Идентификување на институции кои е потребно да бидат вклучени во воспоставувањето, функционирањето и одржувањето на системот за следење.
- Утврдување подготвеност на средните стручни училишта да партиципираат во следењето на своите завршени ученици, односно, понатамошна грижа за сопствените ученици по напуштањето на ССУ како завршени ученици.

- Испитување на можности и начини за интерактивно функционирање на средните стручни училишта со завршените ученици во однос на нивното понатамошно следење.
- Детектирање на опременоста со техничко-технолошка (информатичка) опрема во ССУ.
- Поставување на насоки за закономерностите во воспоставувањето, користењето и одржувањето на базите на податоци во следењето на ССО.

Резултати:

Анализата дава употребливи сознанија за потребите од следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на ССО, во таа насока на подолгорочен план можни се позитивни промени во организациско-техничката училишна култура, а очекувано е дека одредени сознанија може да прераснат во усвоени стандарди на стручното образование во Република Македонија.

Таа дава јасна слика за сегашната состојба со следењето на дестинациите на завршените ученици во ССО, а со самото тоа отвора можности за подобрување на состојбите во однос на целисходноста, искористеноста и одржливоста на системското следење на стручното образование.

Добиените резултати се доволна индикација да предизвикаат зголемен интерес кај креаторите на образовната политика во земјата и соодветно вклучување и партиципирање на институциите кои го реализираат образовниот процес, научните институции и институциите за поддршка на ССО.

Анализата јасно ја потенцира потребата од креирање на релевантен систем за следење на учениците од ССО, базиран на интегрирани бази на податоци со што ќе се изврши клучно влијание врз зголемувањето на квалитетот во планирањето и дизајнирањето на мрежата на стручното образование, како и зголемување на квалитетот на интеракцијата меѓу стручното образование со пазарот на трудот и високото образование.

Авторите исправно заклучуваат дека инсталирањето на системот за следење на учениците во СОО е неопходност која треба да овозможи:
- создавање на предуслови за подобро и поцелисходно планирање на образовниот процес во стручните училишта;
- подобро професионалното насочување на учениците по завршување на стручното образование;
- зголемен квантитет и квалитет на инидвидуализираниот пристап во образовниот систем;
- целисходни промени во мрежата на стручните училишта;
- подобра усогласеност меѓу ССО и пазарот на трудот; и

- подобрување на квалитетот на идните системски евалуации на стручното образование во Република Македонија.

Врз основа на спроведениот консултативен процес со засегнатите страни (менаџментот, наставниот кадар и учениците од средните стручни училишта, работодавачите, локалната самоуправа, завршените ученици со статус на невработени лица и институциите надлежни за средното стручно образование за системското следење на дестинациите на завршените ученици после завршување на образовниот процес во стручното училиште) добиени се резултати врз кои се темели ставот на авторите на Анализата за неопходноста од инсталирање на систем за следење на дестринацијата на завршените  ученици во СОО.

Главните аргументи за градење на ваков став авторите ги наоѓаат во констатациите, дека:

- Во државата не постои систем за следење на дестинацијата на завршените ученици од ССО;
- Соработката на заинтересираните страни во СОО е на незадоволително ниво;
- Анализите на состојбите во СОО и градењето на образовните политики е силно попречено поради непостоењето на бази на податоци за трендовите во СОО, особено транзитирањето на учениците.
- Сите заинтересирани страни во консултативниот процес ја истакнуваат потребата од инсталирање на систем за следење и ппокажуваат висока мотивираност и спремност за партиципирање во градењето на таков систем;

Потенцијални закани при воспоставување на систем за следење на дестинациите на завршените учениците се: недоволните финансиски средства, необученоста на човечките ресурси, недостатокот на човечки ресурси и недоволниот квалитет на опремата.  Покрај овие закани, како пречки во инсталирањето на Системот може да се јават и следниве слабости:

- Слабата соработка меѓу работодавачите и училиштата;
- Општините немаат соодветно истражување на пазарот на трудот при што постои неконзистентност во однос на податоците за потребите на пазарот на трудот;
- Општините немаат информации/податоци на локално ниво за дестинациите на завршените ученици после завршување на образовниот процес во стручното училиште;
- Училиштата, а и институциите (ЦСОО, МОН, ЗЕЛС, АВРМ и Универзитетите) кои треба да бидат инволвирани во поставувањето, функционирањето, одржувањето и развивањето на систем за следење на дестинациите на завршените ученици не поседуваат потребни и доволни институционални капацитети (организациски, техничко-технолошки, материјални,

компетентни човечки ресурси) и финансиски средства за да се воспостави системско електронско следење со воспоставени бази на податоци, нивно анализирање и проектирање во средното стручно образование заради зголемување на неговиот квалитет.

Анализата е базирана на единечна разработка и интерпретирање на резултатите од изјаснувањето на испитаниците на секое прашање од инструментите. Притоа, дескрипцијата на перцепциите е претставена како резултат на поединечната и институционалната изјаснетост на испитаниците. Врз основа на релевантните показатели од искажаните перцепции на испитаниците, синтезата на заедничките ставови по одредени слични прашања и компаративните согледувања, авторите даваат заклучни согледувања и препораки врз чија основа го градат предложениот модел на систем за следење на дестинацијата на завршените ученици од средното стручно образование во нашата земја. Во таа насока, авторите препорачуваат:

- Потребно е да се воспостави систем за следење на дестинациите на завршените ученици после завршување на ССО.
- Системот за следење на дестинациите на завршените ученици после завршување на ССО во сите сегменти на следење да има индивидуализиран пристап;
- Институционалната основа на системот да ја чинат: училиштата, ЦСОО, МОН, ЗЕЛС, АВРМ и универзитетите, со прецизно дефинирани процедури, улоги и надлежности;
- Оптимизирање на решението за системско следење на дестинациите на завршените ученици да биде со воспоставување на посебни професионални служби/сектори (независни или како составен дел на воспоставени други слични служби во училиштата, кариерни центри и сл.) со хетероген состав кои ќе се грижат за базите на податоци во однос на нивно аналитичко сведување и користење.
- Потребно е јакнење на институционалните капацитети (организациски, техничко-технолошки, материјални, компетентни човечки ресурси) и обезбедување на финансиски средства за да се воспостави системско електронско следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на ССО со воспоставени бази на податоци, нивно анализирање и проектирање во средното стручно образование заради зголемување на неговиот квалитет.
- Системското следење на дестинациите на завршените ученици да биде проектирано за временски период од пет до седум години по завршување на средното стручно образование.
- Апликациите на софтверските пакети да обезбедуваат унифицирани бази на податоци согласно барањата и потребите за системско следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на ССО.

- Дизајнирањето на софтверските барања, односно базите на податоците да биде усогласено во рамките на сите релевантни учесници и да обезбедуваат соодветни податоци за индивидуата.
- Проектирањето и воспоставувањето на системското следење на дестинациите на завршените ученици да биде овозможено со хетерогена комуникација (синтеза на повеќе видови на комуникација и искористување на добрите информатички компетенции на следените индивидуи), а не еден вид на комуникација во споделувањето на информациите.
- Процесот на комуницирање и споделувањето на информациите во системот на следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на средното стручно образование да биде добро осмислен, организиран и реализиран од професионална служба опслужувана од професионални лица компетентни за статистичка обработка на податоци и нивна анализа во согласност со образовните потреби заради подобрување на квалитетот на образовниот процес.
- Училиштата да ја зајакнат соработката со компаниите и факултетите и да превземат улога на посредник за поврзување на нивните завршени ученици со пазарот на трудот и високото образование.

Заклучок

Увидот во содржината покажува дека авторите вложиле голем труд проблемот на истражувањето да го посматраат од различни аспекти а се во функција на јасност и издржаност на препораките што ги даваат на крајот на Анализата, што на ова истражување му дава дополнителен квалитет. Во одредени сегменти се чини дека авторите го симлифицираат проблемот и извлекуваат заклучоци кои навидум не се дополнително аргументирани. Ваквата појава не влијае врз квалитетот на Анализата бидејќи доминантно се однесува на веќе познати феномени кои во голема мерка се аргументираат самите себе. На тој начин, авторите го обликувале трудот повеќе за експертската јавност отколку за читатели на кои проблемот на истражување не им е толку близок, но со доволно јаснотија да биде разбрана од оние кому е наменета – пред се на креаторите на образовната политика и другите заинтересирани страни во СОО.

Аналитичкиот пристап кој е применет се однесува на значаен но релативно маргинализиран проблем во образовната јавност кај нас. Ова е значајно, особено од аспект на посебноста и актуелниот миг во кој се наоѓа средното стручно образование во државата и потребата од зајакнување на овој дел од образовниот систем со континуирано следење и целосно разоткривање на позитивните и негативните искуства во оваа сфера. Дотолку повеќе што динамиката на промени во современата економија е толку голема што има потреба од перманентно следење на состојбите и брзо реагирање во

зависност од потребите за нови струки и/или профили. Взаемната зависност на трудот и образованието има потреба од обезбедување на оддржлив мониторинг и евалуациски систем кој ќе врши увид на импактот на ССО на пазарот на труд и високото образование и ќе ги регистрира и навреме ќе одговара на сигналите што ги праќаат корисниците на средното стручно образование, вработувачите, универзитетите, училиштата и другите заинтересирани страни.

Анализата е дополнета со функционалното поврзување и прецизното поставување на значењето и улогата на сите клучни фактори кои го детерминираат пролемот на истражувањето и нуди добра основа да се дадат издржани толкувања и препораки кои би биле применети во нашата земја. Оттаму, пристапот на авторите е наполно оправдан и му овозможува на читателот да добие целосна слика и здрави аргументи за понудената методологија за анализа на проблемот на истражувањето.

Анализата ја отсликува сегашната состојба и ги детерминира потребите од следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на ССО врз основа на перцепциите на менаџментот, наставниот кадар и учениците од средните стручни училишта, работодавачите, локалната самоуправа, завршените ученици со статус на невработени лица и институциите надлежни за средното стручно образование.

Еден од покрупните проблеми кои се јавуваат при секој обид да се направи анализа или увид во состојбите во средното стручно образование во земјата е недостатокот на прецизни податоци и недостатокот на централизиран извор на податоци. Анализата дава добра платформа за прибирање на податоци, неопходни не само за истражувачки активности туку и за квалитетно следење на напредокот на учениците и нивните дестинации по завршување на образованието, детектирање на трендовите и девијациите и квалитетно планирање на идните интервенции. Градењето на систем за следење на учениците е дамнешна желба која, се надеваме, може многу лесно да се реализира благодарејќи на резулатите од ова истражување.

Резултатите што се добиени од истражувањето резултираат со употребливи сознанија за тоа како треба да се следи стручното образование и како треба да се однесуваме и да ги користиме воспоставените бази на податоци. Во таа насока на подолгорочен план можни се позитивни промени во организацискотехничката училишна култура. Притоа, очекувано е дека одредени податоци може да прераснат во усвоени стандарди на стручното образование во Република Македонија.

Резултатите кои се добиени од ова истражување провоцираат натамошни истражувања во оваа област бидејќи многу малку оваа значајна компонента е присатна и апсолвирана во образовниот систем на Република Македонија, посебно во доменот на средното стручно образование. Исто така, Анализата

дава јасна слика за сегашната состојба со начините за следење на стручното образование, а со самото тоа отвора и можности за подобрување на состојбите во однос на целисходноста, искористеноста и одржливоста на системското следење на дестинациите на завршените ученици од ССО. Авторите со право очекуваат истражувањето да предизвика поголем интерес од страна на институциите кои го креираат образованието, пред се Министерството за образование и професионалните државни институции, како и средните училишта во државата и научните институции во однос на задоволувањето на принципите и факторите за дизајнираност на потребните бази на податоци, пред се заради поголем квалитет во планирањето и дизајнирањето на мрежата на стручното образование, како и зголемен квалитет во поврзаноста на стручното образование со пазарот на трудот и високото образование.

Анализата претставува значаен напор за расветлување на едно исклучително значајно прашање во средното стручно образование. Овој труд претставува сам по себе значаен извор, стимулација и поддршка на други истражувања од овој домен. Поради тоа, може да се заклучи дека станува збор за труд кој има аспирации да констатира но и да отвори низа значајни прашања во нашиот образовен систем. Практичните импликации што ги сугерира и ги носи како свој потенцијал го прават овој труд значаен од аспект на можностите за нови иницијативи.

Скопје, 20/06/2013

Зоран Велковски
Универзите „Св. Кирил и Методиј„ - Скопје

## УВОД

Средното стручно образование е еден од носечките фактори за развојот на општеството од економски, техничко-технолошки, културолошки, демографски или некој друг аспект. Пред ССО се поставени три основни функции: подготовка за активно учество на граѓаните во решавањето на различни општествени, професионални, семејни и индивидуални проблеми, оспособување на компетентни индивидуи/кадри за вклучување во процесот на трудот, што директно влијае на состојбите на пазарот на трудот и

подготовка за продолжување на образованието кон високообразовните институции, директно, или по пат на образование од работа и со работа.

Брзиот научно-технолошки прогрес бара поголема интеграција, взаемна поврзаност меѓу науката и техниката од една страна и човековите активности од друга страна, со што барањата за адекватни компетенции кои индивидуите ги стекнуваат во текот на стручното образование стануваат сé поизразено апострофирани за вклучување во пазарот на трудот и за понатамошно продолжување на образованието. Сето ова наведува дека квалитетот во средното стручно образование треба постојано да се одржува, да се зголемува и да се подига на повисоко ниво. Интервенциите, промените во ССО можат да се остваруваат на повеќе начини и тоа со: промена на наставни планови и програми, воведување на нови форми и методи на работа, обука на воспитно-образовниот кадар, опремување на училиштата и др.

Меѓутоа, дали одредена интервенција, промена во ССО е целисходна без релевантни податоци и показатели?

Главниот мотив во Анализата за потребите од следење на одредиштата на учениците по завршувањето на средното стручно образование (во понатамошниот тек на материјалот Анализата), претставува сознанието дека средното стручно образование кое бара промени, всушност е и многу чувствително на промени, доколку, тие не се аргументирано поткрепени со релевантни податоци и со показатели за нивна оправданост.

Анализата дава употребливи сознанија за потребите од следење на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО, па во таа насока на подолгорочен план се можни позитивни промени во организациско-техничката училишна култура, а очекувано е дека одредени сознанија можат да прераснат во усвоени стандарди на стручното образование во Република Македонија.

Анализата дава јасна слика за сегашната состојба со следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО, а со самото тоа отвора можности за подобрување на состојбите во однос на целисходноста,

искористеноста и одржливоста на системското следење на стручното образование. Исто така, очекувано е Анализата да предизвика поголем интерес за соодветно вклучување и учество на институциите кои го креираат образованието, кои го реализираат образовниот процес, на научните институции и на институциите за поддршка на ССО заради воспоставување на принципите и на факторите за дизајнираност на потребните бази на податоци, пред сé заради поголем квалитет во планирањето и дизајнирањето на мрежата на стручното образование, како и заради зголемен квалитет во поврзаноста на стручното образование со пазарот на трудот и со високото образование.

## 1. Глобален осврт на средното образование во Република Македонија

Образовниот систем во Р. Македонија прикажан на Слика 1 се реализира во неговите три потсистеми: основно, средно и високо образование.




**Слика 1**

Во 2007 година, со донесувањето на Законот за задолжително средно образование[1], средното образование кое се изведува во неговите два вида: гимназиско (општо) и стручно образование добива задолжителен статус. Гимназиското образование подготвува кадри, пред сé, за продолжување на образованието, додека, стручно образование подготвува кадри првенствено

[1] Закон за средно образование, (измени и доолнувања) "Службен весник на Република Македонија" бр.49/07 од 18.04.2007 год.

за работа, но и за продолжување на образованието. Соодносот на бројот на ученици во ССО и во гимназиското образование изнесува 58% во стручното наспроти 42% во гимназиското образование[2].

Според Законот за средно образование, средното образование, а со тоа и ССО се остварува во средни училишта со статус на јавни и на приватни. Јавните училишта можат да бидат државни, општински и училишта на град Скопје. Мрежата на јавните училишта ја утврдува Владата на Република Македонија по предлог на ресорниот министер[3]. Средното образование во државата се остварува во 99 јавни (8 државни, 66 општински, 4 Центри за рехабилитација и 21 училиште на град Скопје,)[4].

Од 1991 година припадниците на националностите имаат право на настава на свој јазик во средното образование, на начин утврден со закон.

Со Законот за средно образование од 1995 година утврдено е дека воспитно-образовната дејност во јавните училишта за средно образование може да се изведува и на јазикот и писмото на националноста, при што, учениците од националноста задолжително го изучуваат и македонскиот јазик.

Според наведениот закон во јавните средни училишта наставата може да се изведува и на еден од светските јазици, а во приватните училишта и на друг странски јазик[5].

Средното образование е нормативно и правно регулирано со повеќе закони и подзаконски акти.

Стручното образование може да се реализира како: стручно оспособување, стручно образование за занимања, техничко образование, постсредно образование и образование на возрасни[6].

---

[2] „Колаборативна евалуација на влијанието на реформираното четиригодишно средно стручно образование“, МОН, ЕТФ, ЦСОО, стр. 41, Скопје, 2010 год.
[3] Закон за средното образование (пречистен текст), "Службен весник на Република Македонија" бр.52 од 11 јули 2002 год.
[4] Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2012/2013 година во Република Македонија, МОН, 2013 год.
[5] „Колаборативна евалуација на влијанието на реформираното четиригодишно средно стручно образование“, МОН, ЕТФ, ЦСОО, стр. 19, Скопје, 2010 год.

Најголем број  ученици во формалниот систем на средното стручно образование се во техничкото и во стручното образование за занимања (повеќе од 90%)[7,8,9]. Наставните планови кои се реализираат во овие два сегмента на образование претставуваат композиција од три делови: општо образование, стручно образование и практична обука.

Во општото образование се реализираат општообразовни наставни програми, во стручното образование се реализираат стручни наставни програми, а во практичната обука се реализираат програми за практична настава. За сите наставни програми пропишани се нормативи за соодветноста на наставниот кадар кој треба да ги реализира наставните програми.

Средното стручно образование во техничкото образование се реализира во 14 струки и 48 образовни профили[9], при што тенденција е бројот на струките (26) во двегодишното и тригодишното стручно образование[10] да се сведе на 14, како во четиригодишното ССО.

Според наставните програми кои се реализираат во јавните училишта во 15 се реализира гимназиско образование, во 43  стручно образование, во 35 се реализира гимназиско и стручно образование, во 5 уметничко образование, една е спортска гимназија, а 4 училишта се за ученици со посебни образовни потреби[11].

Бројот на средни стручни училишта по струки се: за земјоделско-ветеринарна - 11, шумарско-дрвопреработувачка - 7, геолошко-рударска и металуршка - 5, машинска - 23, електротехничка - 17, хемиско-технолошка - 11, текстилно-кожарска - 14, графичка - 7, лични услуги - 8, градежно-геодетска -

---

[6] Закон за стручно образование и обука „Сл. Весник на Р.Македонија.“ бр.71. од 08.06.2006 година.

[7] Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2010/2011 година во Република Македонија, МОН, 2011.

[8] Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2011/2012 година во Република Македонија, МОН, 2012.

[9] Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2012/2013 година во Република Македонија, МОН, 2013 год.

[10] Наставни планови за образовните профили од четиригодишно и тригодишно траење во средното стручно образование во Република Македонија, Биро за развој на образованието, Скопје, јуни 2002 година.

[11] Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2012/2013 година во Република Македонија, МОН, 2013 год.

6, сообраќајна - 11, угостителско-туристичка - 9, економско-правна и трговска – 16 и здравствена - 14[12].

Состојбата е таква што поголемиот број стручни училишта се со хетероген состав каде се реализира гимназиско и ССО, или се реализираат повеќе образовни струки.

Наставата се одвива во паралелки каде според Законот за средно образование се дозволува максималниот број ученици во паралелка да биде 34, а просечниот број ученици по паралелка, според податоците на Државниот завод за статистика за учебната 2008/2009 година, бил 28,94 од вкупниот број од 94545 ученици во средното образование.

За реализацијата на наставните програми по стручно-теоретските предмети и практичната настава, потребни се наставни средства, опрема и материјали, што за одредени училишта претставува проблем во реализацијата поради недостиг од нив. Завршувањето на средното стручно образование е регулирано со полагање на државна матура и завршен испит[13].

## 2. Постојна состојба со следењето на средното стручно образование во Република Македонија

Во изминатиот период многу малку е третирано системското следење на средното стручно образование во Република Македонија. Навлегувањето на информатичката технологија во образовниот систем, а со тоа и во средното стручно образование, почна да провоцира и да отвора одредени можности и потреби за разновидни точни и прецизни информации, организирање и ажурирање податоци поради соодветна употреба и сл. Но, сето она што се случуваше беше инцидентно, ентузијастички креирано и воспоставено, без системски решенија и соодветна посветеност на важноста од потребата за севкупно следење на средното стручно образование.

---

[12] Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2009/2010 година во Република Македонија, МОН, 2010.
[13] Закон за средно образование, (измени и дополнувања), "Службен весник на Република Македонија" бр.81/08 од 07.07.2008 год.

Најголем исчекор во однос на следењето на ССО е направен во 2010 година, со иницијативата за воведување на апликацијата ЕМИС - Информациски систем за управување со образованието (Educational Management Information System – EMIS).

Апликацијата ЕМИС, која е WEB базирана, е алатка за собирање, проверка и за презентирање податоци/информации што се важни за образовниот процес во основното и во средното образование во Р. Македонија. Овој систем треба да придонесе за транспарентен и ефикасен процес на финансирање на образованието на децентрализираниот образовен систем, со можности за реконструкции и за инвестирање во училишната инфраструктура, континуиран развој на наставниот и на другиот персонал, како и следење на процесот на едукација на учениците.

ЕМИС – системот за управување со образованието е интегриран систем кој го оптимизира процесот на собирање податоци, комуникација со други институции, како и генерирање на сите неопходни извештаи и статистики. ЕМИС ги собира, ги обработува и ги презентира податоците за учениците, како и нивните постигнувања во образовниот процес во јавните и во средните училишта во Р. Македонија.

ЕМИС содржи и контрола на сите претходно наведени процеси и процедури кои се под надлежност на државниот инспекторат за образование.

Базата на податоци на која работи ова апликативно решение е од фамилијата ORACLE и тоа верзијата ORACLE 11g. Системот овозможува конзистентно екстрахирање на податоците во XML, MS Excel и сл. формат на документи, преку кои размената на податоци со други системи е едноставна. Апликацијата е WEB базирана, и му овозможува на корисникот пристапување до неа преку кој било интернет клиент. За да може корисникот да го користи системот потребен му е персонален компјутер кој е поврзан на Интернет или поврзан на Интранет мрежа која е поврзана на Интернет за да може да

пристапи до серверот т.е. од местото каде е поставена Интернет апликацијата.[14]

ЕМИС-от не го третира прашањето на следењето на патиштата на учениците после завршувањето на ССО кое претставува важна компонента за планиран развој на средното стручно образование.

## 3. Методологија на истражување

### 3.1. Проблемска рамка и потреби на истражувањето

Образованието претставува главен услов за опстанок и за развој на секое модерно општество. Во услови на брзи демографски, социјални, политички, економски и научно-технолошки промени, неговото значење е многу зголемено. Тоа има витална улога во економскиот развој на современото оп-

[14] Информациски систем за управување со образованието (Educational Managemennt Information System – EMIS), Упатство за користење, Вер. PA1, Ултра доо, Скопје 2010

штество и во отворањето простор за активно учество на граѓаните во решавањето на различни општествено, професионални, семејни и индивидуални проблеми.

Средното стручно образование е од исклучителна важност за индивидуата бидејќи овозможува стекнување знаења, вештини и способности, односно, компетенции потребни за вклучување во пазарот на трудот и/или за продолжување на образованието во високообразовните институции. Ваквата поставеност на ССО во системот на средното образование наметнува потреба за системско следење на учениците после завршување на средното стручно образование во однос на нивната припадност во пазарот на трудот и високото образование.

Следењето на одредиштата на завршените ученици е повеќе од потребна, пред сè заради:

- создавање предуслови за подобро и поцелисходно планирање на образовниот процес во стручните училишта;
- подобро професионално насочување на учениците по завршување на стручното образование;
- зголемен квантитет и квалитет на индивидуализираниот пристап во образовниот систем;
- целисходни промени во мрежата на стручните училишта;
- подобра усогласеност меѓу ССО и пазарот на трудот; и
- подобрување на квалитетот на идните системски евалуации на стручното образование во Република Македонија.

### 3.2. Предмет и цел на истражувањето

Предмет на ова истражување е утврдување на потребите за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште.

Следејќи ги европските трендови и мноштвото проекти кои се реализираа во последните десет години во Република Македонија се поставува

прашањето: „Што се случува со учениците по завршување на средното стручно образование?“.

Најчесто одговорите на училиштата и на другите институции беа произволни без релевантни податоци за осипувањето, за вклученоста на завршените ученици во пазарот на трудот и за понатамошното продолжување на образованието во високообразовните институции, затоа што не постои систем за следење на припадноста на учениците после завршувањето на образовниот процес, односно немање на податоци. Ова пак имплицира лоши планирања, нецелисходни интервенции во намалувањето, или во зголемувањето на мрежата стручни училишта, недоволно квалитетна поврзаност меѓу стручното образование со пазарот на трудот и со високото образование.

Истражувањето има за цел да ја утврди постоечката состојба во однос на следењето на патиштата на завршените ученици и отворање можности за подобрување на состојбите во оваа сфера.

## 3.3. Задачи на истражувањето

Согласно предметот на истражувањето и во насока на остварување на целта на истражувањето, односно негова операционализација, потребна е одредена поставеност и реализација на задачи на истражувањето.

Задачите на истражувањето се:

- Скенирање на постојната состојба во однос на следењето на одредиштата на завршените ученици од средното стручно образование.
- Утврдување на потребата од следење на одредиштата на учениците после завршување на ССО.
- Идентификување на институции кои треба да бидат вклучени во воспоставувањето, функционирањето и одржувањето на системот за следење.
- Утврдување подготвеност на средните стручни училишта да учествуваат во следењето на своите завршени ученици, односно, понатамошна грижа за сопствените ученици по напуштањето на ССУ како завршени ученици.
- Испитување на можности и начини за интерактивно функционирање на средните стручни училишта со завршените ученици во однос на нивното понатамошно следење.
- Детектирање на опременоста со техничко-технолошка (информатичка) опрема во ССУ.
- Поставување насоки за закономерностите во воспоставувањето, користењето и одржувањето на базите податоци во следењето на ССО.

### 3.4. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Од методолошки аспект, во рамките на истражувањето се користени:

- Оперативни методи:
  -дескрипција
  -компарација
  -проценување и просудување

-испитување на субјекти

- Истражувачки постапки:

-анализа на содржината

-интервју

- Истражувачки инструменти:

-протокол за водење на интервју

-прашалници

Во истражувањето главни извори на податоци беа петте различни прашалници наменети за: менаџментот, за наставниот кадар и за учениците од ССУ-та, за работодавачите, за локалната заедница, како и интервјуата водени со фокус на групите невработени лица кои го завршиле своето ССО во учебната 2007/08 и 2008/09 год., како и интервјуата водени со претставници од институциите надлежни за ССО. Сите овие инструменти се дизајнирани од авторите на овој труд за потребите на истражувањето, притоа имајќи ги предвид предметот, целите и задачите на истражувањето.

Прашалникот за менаџментот содржи 23 прашања, од кои 22 прашања се од затворен и едно прашање е од отворен тип. Тој е така структуиран за да дава податоци врз основа на согледувањата на менаџментот за состојбите и потребите за системско следење на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО.

Прашалникот за наставниот кадар содржи 20 прашања, при што, 17 се од затворен и три се од отворен тип. Тој е така структуиран за да дава податоци врз основа на согледувањето на наставниот кадар за состојбите и потребите за системско следење на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО.

Прашалникот за учениците содржи 22 прашања, притоа, 19 се од затворен и три прашања се од отворен тип. Тој е структуиран така за да дава податоци врз основа на согледувањата на учениците за состојбите и потребите за системско следење на нивните одредишта по завршување на ССО.

Прашалникот за работодавачите содржи 15 прашања, при што, 13 се од затворен и две прашања се од отворен тип. Истиот е структуиран за да дава податоци врз основа на согледувањата на работодавачите за состојбите и потребите за системско следење на одредиштата на завршените ученици по завршување на ССО.

Прашалникот за локалната самоуправа содржи 16 прашања, при што, 11 се од затворен и пет прашања се од отворен тип. Тој е структуиран така за да дава податоци врз основа на согледувањата на претставниците од секторот за образование при Општината за состојбите и потребите за системско следење на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО.

Слична намена на обезбедување податоци за состојбите и за потребите за системско следење на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО имаа и интервјуата реализирани со фокус на групите на невработените лица и со претставниците на институциите надлежни за ССО.

Исто така за потребите на истражувањето се анализираа повеќе документи како што се: Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Извештајот на колаборативната евалуација на влијанието на реформираното четиригодишно средно стручно образование, конкурси за запишување на ученици во средното образование и друго, сé со цел да се обезбедат релевантни податоци и показатели за состојбите и за потребите за системско следење на одредиштата на завршените ученици од ССО.

### 3.5. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето беше организирано и реализирано во три фази:

а) фаза на подготовка;

б) фаза на релизација;

и

в) фаза на анализа и интерпретација на резултатите.

### 3.5.1. Фаза на подготовка

Во периодот на фазата на подготовка беше планирано што сѐ треба да се направи за успешно остварување на истражувањето. За таа цел:

- се изготви база на прашања кои беа основа за дизајнирање на прашалниците наменети за менаџментот, за наставниот кадар, за учениците, за работодавачите, за локалната самоуправа, за групите на невработените лица и за претставниците на институциите надлежни за ССО;
- се изврши сегментација на струките кои постојат во средното стручно образование во пет сектори (технички, општествен, здравствен, земјоделски и услужен сектор);
- се утврди бројката на испитаници за секоја група, како бројот и видот на средни стручни училишта кои ќе бидат опфатени во истражувањето;
- се извршија информативни разговори со менаџментот на сите вклучени стручни училишта и со надлежните лица од АВРМ заради запознавање со предметот и со целите на истражувањето;
- од директорите на училиштата беа определени одговорни лица кои беа надлежни да ги реализираат прашалниците во своето училиште;
- беа изработени финалните верзии на инструментите за собирање на податоците;
- инструментите се испечатија согласно утврдената бројка на испитаници;
- беа утврдени документи од типот на Закони и подзаконски акти, извештаи, анализи, евалуации, програми, конкурси за упис на ученици во ССО и сл., кои ќе се користат во истражувањето.

### 3.5.2. Фаза на реализација

Во периодот од фазата на реализација оперативно се реализираше прибирањето на податоците преку предвидените и изработени инструменти. За таа цел:

- се доставија прашалниците до секое училиште со точно утврден број;

- во договорениот термин пополнетите прашалници од страна на училиштата беа предадени на истражувачкиот тим;
- се изврши квантитативна контрола и класификација на прашалниците во однос на групите испитаници;
- се реализираа интервјуата со насоченост врз групите на невработени лица и на претставниците на институциите надлежни за ССО;
- се обезбеди потребната документација за потребите на истражувањето.

### 3.5.3. Фаза на анализа и на интерпретација на резултатите

Во периодот на фазата на анализа и на интерпретација на резултатите, добиените податоци од менаџментот, од наставниот кадар, од учениците, од работодавачите, од локалната самоуправа, од невработените лица и од претставниците на институциите надлежни за ССО, се обработуваа во насока на предметот на истражувањето, на целите и на задачите. За таа цел:

- се изготви програма во Microsoft Office Excel за статистичка обработка на податоците;
- податоците беа внесени и статистички обработени во однос на секој испитаник и на секое прашање;
- секое прашање беше анализирано и интерпретирано согласно искажаните ставови на испитаниците и на институциите;
- заклучоците се интерпретираа врз основа на евидентните показатели кои се статистички аргументирани, како и искажувањата добиени од фокус-групите;
- се дадоа одредени ставови врз основа на анализата од релевантната документација и од стекнатото долгогодишно искуство на авторите на Анализата во ССО.

### 3.5.4. Временска организација на истражувањето

Истражувањето се реализираше за ефективно времетраење од пет месеци. Временската организација, односно временската димензија на истражувањето е дадена во Табела 1.

**Табела 1: Временска организација на истражувањето**

| ФАЗА | 2013 год. – Месеци-недели | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Месец – 1 | | | | Месец – 2 | | | | Месец – 3 | | | | Месец – 4 | | | | Месец – 5 | | | |
| | I | II | III | IV | I | II | III | IV | I | II | III | IV | I | II | III | IV | I | II | III | IV |
| Подготовка | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Релизација | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Анализа и интерпретација на резултати | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## 4. Опфат во истражувањето

Најголемиот дел од формалното средно стручно образование во Република Македонија, повеќе од 80% од севкупното стручно образование, се реализира како техничко образование со четиригодишно времетраење. Од оваа причина и заради тоа што техничкото образование овозможува

вклучување на завршените ученици во ПТ и проодност кон високото образование со успешно полагање на државната матура, опфатот на истражувањето е со насоченост на овој вид стручно образование што се реализира во 14 струки и 48 образовни профила[15] во 78 јавни ССУ[16].

Истражувањето е дизајнирано врз основа на исполнетост на следниве два критериума:

-да има севкупна секторска опфатеност;

и

-да бидат опфатени ученици од завршната четврта година во ССО.

Под „сектор во истражувањето" подразбираме групација на сродни и на слични образовни струки, или една струка која поради својата специфичност не може да биде во корелација со некоја друга сродна, или со слична струка. Севкупната секторска опфатеност овозможува да бидат опфатени сите 14 струки на техничкото (четиригодишно) средно стручно образование во пет сектори: техничкиот, општествениот, здравствениот, земјоделскиот и услужниот сектор. Поединечната припадност на струките во однос на секторите е дадена во Табела 2.

**Табела 2: Поединечна припадност на струките во однос на секторите**

| РЕД.БР. | СЕКТОР | СТРУКИ |
|---|---|---|
| 1. | Технички | -Електротехничка |

[15] Наставни планови за образовните профили во струки, или група струки во четиригодишното стручно образование во Република Македонија, Центар за стручно образование и обука, Скопје, 2007 година.

[16] Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2012/2013 година во Република Македонија, МОН, 2013 год.

| | | |
|---|---|---|
| | | -Машинска<br>-Сообраќајна<br>-Градежно-геодетска<br>-Геолошко-рударска и металуршка<br>-Хемиско-технолошка<br>-Текстилно-кожарска |
| 2. | Општествен | -Економско, правна и трговска |
| 3. | Здравствен | -Здравствена |
| 4. | Земјоделски | -Земјоделско-ветеринарна<br>-Шумарско-дрвопреработувачка |
| 5. | Услужен | -Графичка<br>-Угостителско-туристичка<br>-Лични услуги |

Опфатеноста на учениците од завршната четврта година во ССО овозможува добивање релевантни информации од лица кои скоро го поминале процесот на образование и треба да го продолжат понатамошниот сопствен развој.

Во истражувањето целосната секторска опфатеност беше реализирана во 16 стручни училишта, при што во истражувачкиот процес беа анкетирани:

- 51 претставници од менаџментот на стручните училишта (директори-16, помошници-директори-17, педагози и психолози-18);

- 247 наставници кои реализираат настава во овие стручни училишта, при што, од нив 109, или 44% изведуваат настава по општообразовни предмети и 138, или 56% изведуваат настава по стручни предмети,

и

- 344 ученици од завршна, четврта година.

Поединечната опфатеност на образовните струки, на менаџментот, на наставниците и на учениците во однос на вклучените стручни училишта во истражувањето е дадено во Табела 3.

Покрај делот на истражувањето за системско следење на одредиштата на завршените ученици спроведено во стручните училишта, беше реализирано и истражување во Агенцијата за вработување на Република Македонија на 128 невработени лица, од кои, тројца го завршиле своето стручно образование во учебната 2007/2008 година, а 125 во учебната 2008/2009 година. Притоа, опфатеноста во однос на секторите беше следна: 46 испитаници од техничкиот сектор, 22 испитаници од општествениот сектор, 20 испитаници од здравствениот сектор, 16 испитаници од земјоделскиот сектор и 24 испитаници од услужниот сектор.

Исто така во Анализата се опфатени и 13 Општини и Град Скопје, 28 работодавачи/компании и институциите надлежни за ССО (МОН, БРО и ЦСОО).

**Табела 3: Опфатеност во однос на струките застапени во училиштата**

| Ред. бр. | Училиште | Струки | Менаџ-мент | Настав-ници | Учени-ци |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | СУГС „Владо Тасевски“-Скопје | -Електротехничка<br>-Машинска<br>-Сообраќајна | 4 | 27 | 30 |
| 2. | СЕТУ „Михајло | -Електротехничка | 4 | 10 | 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Пупин“-Скопје | | | | |
| 3. | СУГС „Панче Караѓозов“-Скопје | -Здравствена | 3 | 16 | 20 |
| 4. | СУГС „Лазар Танев“-Скопје | -Угостителско-туристичка | 3 | 10 | 20 |
| 5. | СУГС „Марија Кири Склодовска“-Скопје | -Хемиско-технолошка<br>-Лични услуги | 4 | 15 | 21 |
| 6. | СУГС „Цветан Димов“-Скопје | -Економско, правна и трговска | 4 | 13 | 20 |
| 7. | СОУ „Киро Бурназ“-Куманово | -Земјоделско-ветеринарна<br>-Хемиско-технолошка<br>-Лични услуги | 4 | 12 | 16 |
| 8. | СОУ„Јане Сандански“ Штип | -Здравствена струка | 1 | 24 | 16 |
| 9. | СОУ„Ѓорче Петров“ Кавадарци | Шумарско-дрвопреработувачка | 3 | 15 | 20 |
| 10. | СОУ „Коле Неделковски“ Велес | -Електротехничка<br>-Машинска<br>-Сообраќајна | 3 | 15 | 21 |
| 11. | СОУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола | -Електротехничка<br>-Машинска | 3 | 15 | 20 |
| 12. | СОУ„Димитар Влахов“ Струмица | -Земјоделско-ветеринарна | 3 | 15 | 20 |
| 13. | СОУ „Гостивар“ Гостивар | -Економско, правна и трговска | 3 | 15 | 40 |
| 14. | СОУ „Ристе Ристески Ричко“ Прилеп | -Електротехничка<br>-Машинска<br>-Графичка | 3 | 15 | 20 |
| 15. | СОУ„Моша Пијаде“ Тетово | -Земјоделско-ветеринарна<br>-Хемиско-технолошка<br>-Угостителско-туристичка<br>-Електротехничка | 3 | 15 | 20 |
| 16. | СОУ„Ванчо Питошевски“ Охрид | -Угостителско-туристичка | 3 | 15 | 20 |
| ∑ | | | **51** | **247** | **344** |
| | | | | | |

## 5. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

Анализата и интерпретацијата на резултатите од истражувањето се засновани врз согледувањето на менаџментот, на наставниот кадар и на учениците од ССУ-та, на работодавачите, на локалната самоуправа, на невработените лица и на претставниците од институциите надлежни за ССО

во однос на следењето на излезот, односно, на одредиштата на завршените ученици.

Анализата се заснова на поединечна разработка и на интерпретирање на резултатите од изјаснувањето на испитаниците на секое прашање од инструментите. При тоа, описот на согледувањата е резултат на поединечната и на институционалната изјаснетост на испитаниците. Врз основа на релевантните показатели од искажаните ставови и на согледувања на испитаниците, синтеза на заедничките ставови по одредени слични прашања и компаративните согледувања дадени се заклучните согледувања и препораките од истражувањето.

Исклучително важен фактор за успешното работење на секое ССУ, а со тоа и на средното стручно образование е познавањето на состојбите во однос на движењето на учениците по завршување на образованието во училиштето. Од суштинска важност е, каде и каква е припадноста на завршените ученици кон пазарот на трудот, високото образование и др.

## 5.1. Согледби на менаџментот за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес

За да може менаџментот да ги планира и да ги иницира подобрувањата во работењето на училиштето треба и мора да знае што се случува со нивните ученици после завршување на средното стручно образование.

Согледувањата на менаџментот на училиштата: СУГС „Владо Тасевски"-Скопје, СЕТУ „Михајло Пупин"-Скопје, СУГС „Панче Караѓозов"-Скопје, СУГС „Лазар Танев"-Скопје, СУГС „Марија Кири Склодовска"-Скопје, СУГС „Цветан Димов"-Скопје, СОУ „Киро Бурназ"-Куманово, СОУ „Јане Сандански"-Штип, СОУ „Ѓорче Петров"-Кавадарци, СОУ „Коле Неделковски"-Велес, СОУ „Ѓорѓи Наумов"-Битола, СОУ„Димитар Влахов"-Струмица, СОУ „Гостивар"-Гостивар, СОУ „Ристе Ристески Ричко"-Прилеп, СОУ„Моша Пијаде"-Тетово и СОУ „Ванчо Питошевски"-Охрид, ја одредуваат состојбата и потребата од системско следење на патиштата, односно, припадноста на завршените ученици после напуштањето на средното училиште.

*Какво е согледувањето на менаџментот на средните стручни училишта вклучени во истражувањето во однос на следењето на патиштата на учениците после завршување на образовниот процес во стручното училиште?*

Во однос на идентификувањето дали знаат што се случува со нивните ученици по завршување на образованието во училиштето, шест испитаници од шест училишта, или 12% се изјасниле потврдно, 16 од 10 училишта, или 31% се изјасниле негативно, а 29 од сите 16 училишта, или 57% се изјасниле дека знаат незначително малку.

Ваквото согледување на менаџментот покажува дека тие немаат сознанија за тоа што се случува со нивните ученици по завршување на образованието во училиштето, а она што го знаат е незначително малку, односно, остварено со инцидентни контакти и со неформални комуникации.

Потврда за немање сознанија и податоци што се случува со учениците после завршување на нивното средно стручно образование претставуваат и одговорите на менаџментот дадени на прашањето „дали постои електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) по завршување на нивното образование во Вашето училиште", при што, сите испитаници или

100% се изјасниле дека не постои, што недвосмислено укажува дека системско следење на одредниците, односно, припадноста на завршените ученици после средното стручно образование не постои.

Искажувањата на менаџментот за тоа како ја оценуваат потребата од постоење на електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) по завршување на нивното образование во средно стручно училиште и создавање база на податоци за истите, е следна:

- за опцијата „не е потребно“ се изјаснил еден испитаник или 2% од вкупниот број на испитаниците;
- за опцијата „малку е потребно“, се изјасниле пет испитаници од четири училишта, или 9% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „потребно е“, се изјасниле 26 испитаници од 13 училишта, или 51% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „многу е потребно“, се изјасниле седум испитаници од шест училишта, или 14% од вкупниот број испитаници;

  и
- за опцијата „неопходно е“, се изјасниле 12 испитаници од 10 училишта, или 24% од вкупниот број испитаници.

Синтезата на резултатите укажува дека потребата од постоење на електронски систем за следење на одредиштата на учениците после завршување на нивното образование во ССУ и создавање база на податоци за истите во најголем дел е во опсегот „потребно е“ и „неопходно е“, како што е прикажано со Графикон 1, при што, резултатите укажуваат на недвосмислена потреба од постоење на системско следење на движењето и одредниците на завршените ученици после заокружувањето на нивното ССО.




**Графикон 1**

Истакнувајќи ја потребата од системско следење на патиштата на завршените ученици, менаџментот на училиштата наведува дека ваквото следење би придонело во: подобро креирање на уписната политика која би се засновала врз релевантни податоци, аргументирани сознанија за тоа каде се завршените ученици кои можат да влијаат на проектирањето на професионалната ориентација и кариерниот развој на идните генерации од училиштата, зголемена поврзаност помеѓу образованието и пазарот на трудот, развивање на потребни струки и образовни профили согласно барањата на пазарот на трудот, споредување на резултатите кои се постигнуваат во училиште во однос на резултатите кои ги покажуваат учениците кога ќе го напуштат, односно кога ќе го завршат средното стручно образование, отворање на поголеми можности за евалуација и самоевалуација на работата на училиштето, потврдување на постигнатите резултати и сл.

Согласно ваквите искажувања, на прашањето „дали сметате дека системот за следење на припадноста на учениците ќе може да ја промени

уписната политика на ниво на училиште“, 36 испитаници, или 70% од сите шеснаесет училишта се изјасниле позитивно, два испитаника од две училишта се изјасниле негативно, или 4% од вкупниот број испитаниците, и 13 испитаници од 9 училишта, или 26% се изјасниле дека можеби со ваквиот систем би се променила уписната политика на ниво на училиштето.

Изјаснувањата на менаџментот во однос на прашањето „дали како училиште сте подготвени да учествуваат во градење систем за сеопфатно следење на средното стручно образование“, се следни: 39 испитаници, или 76% од сите шеснаесет училишта се изјасниле позитивно, 10, или 20% од седум училишта се изјасниле потврдно доколку се задолжени на такво нешто, а два испитаника од две училишта, или 4% се изјасниле негативно. Резултатите укажуваат на голема свесност за потребата од постоење систем за следење на средното стручно образование, а со самото тоа и висока подготвеност на менаџментот како училишта да учествуваат во градењето систем за сеопфатно следење на средното стручно образование.

Согледувањето на менаџментот за тоа кој би требало да се грижи за сеопфатното следење на средното стручно образование и да ја надополнува базата податоци во самото училиште е следна:

- за опцијата „обучено лице од редот на наставниците“ не се изјаснил ниту еден испитаник;
- за опцијата „обучено лице од редот на педагошко-психолошката служба“ се изјасниле пет испитаници од три училишта, или 9% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „посебно обучено лице за работа со база на податоци и информатички компетенции“ се изјасниле 21 испитаник од 10 училишта, или 41% од вкупниот број испитаници;

  и
- за опцијата „посебна служба со хетероген состав (наставник, педагог-психолог, информатичар) се изјасниле 25 испитаници од дванаесет училишта, или 50% од вкупниот број испитаници.

Аналитичкиот осврт на согледувањата на менаџментот за тоа кој би требало да се грижи за сеопфатно следење на средното стручно образование и да ја надополнува базата на податоците во самото училиште укажува дека оптимално решение би било воспоставување  посебна служба со хетероген состав која ќе се грижи за базите на податоци и за нивното аналитичко сведување и користење, согласно образовните потреби. Графиконот 2 ни го отсликува согледувањето на менаџментот за тоа кој би требало да ја менаџира базата податоци за системското следење на гледиштата на завршените ученици.




**Графикон 2**

Искажувањето на менаџментот на ССУ за институциите и нивната приоритетност во вклучувањето при воспоставувањето  систем за следење на средното стручно образование од страна на менаџментот е дадено во Табела 4.

Квантифицирањето на процентуално изразеното согледување за потреба од вклученост на одредена институција е извршена во однос на три

категории на вклученост: „мора да биде вклучена“, „пожелно е да биде вклучена“ и „не мора да биде вклучена“.

**Табела 4. Квантификација на институционалната вклученост за системско следење на средното стручно образование искажана од менаџментот на ССУ**

| Ред. бр. | Институција | Мора да биде вклучена (изјаснетост во %) | Пожелно е да биде вклучена (изјаснетост во %) | Не мора да биде вклучена (изјаснетост во %) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Средни стручни училишта (ССУ) | 86 | 14 | 0 |
| 2. | Министерството за образование и наука (МОН) | 78 | 20 | 2 |
| 3. | Центар за стручно образование и обука (ЦСОО) | 92 | 8 | 0 |
| 4. | Биро за развој на образованието (БРО) | 40 | 50 | 10 |
| 5. | Државен испитен центар (ДИЦ) | 25 | 25 | 50 |
| 6. | Агенција за вработување на Република Македонија (АВРМ) | 66 | 32 | 2 |
| 7. | Универзитети | 33 | 55 | 12 |
| 8. | Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) | 27 | 55 | 18 |
| 9. | Државен просветен инспекторат (ДПИ) | 23 | 20 | 57 |

Согласно искажувањата на менаџментот за вклученост на институциите при воспоставувањето систем за следење на средното стручно образование, а со самото тоа и за системското следење на одредиштата,

односно, припадноста на завршените ученици после средното стручно образование, прикажани во Табелата 4, имаме:

- институции кои мораат да бидат вклучени во системското следење на средното стручно образование: ССУ-та, ЦСОО, МОН и АВРМ;
- институции кои е пожелно да бидат вклучени во системското следење на средното стручно образование: Универзитетите, ЗЕЛС и БРО;

  и
- институции кои не мораат да бидат вклучени во системското следење на средното стручно образование: ДИЦ и ДПИ.

Изјаснувањата на менаџментот на прашањето „дали поседувате техничко-технолошка опрема (информатичка) за воспоставување и за следење на база на податоци во однос на завршените ученици“, се: 32 испитаници од 14 училишта, или 63% се изјасниле со „да“, три испитаници од две училишта, или 6% се изјасниле со „не“, а 16 испитаници од девет училишта, или 31%, се изјасниле дека опремата која ја имаат е недоволна.

Ваквото согледување на менаџментот укажува и потврдува дека опременоста на училиштата со ИТ е на задоволително ниво, со тоа што перспективно таа треба да се обновува.

Изјаснувањата на менаџментот во однос на прашањата:

- „дали како менаџер на училиштето во последниве три години сте биле посетени од страна на работодавач и тој ви побарал завршени ученици за вработување“, се: 20 испитаници од 11 училишта, или 39% се изјасниле со „да“, а 31 испитаник од 14 училишта, или 61% се изјасниле со „не“;
- „дали како менаџер на училиштето во последниве три години сте биле посетени од страна на претставници од високото образование и тие Ве консултирале за завршените ученици за креирање на нивната образовна политика“, се: 21 испитаник од 13 училишта, или 41% се изјасниле со „да“, а 30 испитаници од 15 училишта, или 59% се изјасниле со „не“;

и

- „дали како менаџер на училиштето во последниве три години сте биле посетени од страна на претставници на Агенцијата за вработување заради

согледувања на состојбите со пријавените невработени во тековната година“, се: 15 испитаници од 10 училишта, или 29% се изјасниле со „да“, а 36 испитаници од сите 16 училишта, или 71% се изјасниле со „не“.

Аналитичкиот осврт на согледувањата на менаџментот за посетеноста од страна на претставници на работодавачите, од високото образование и од АВРМ, што покажува и одредена соработка на стручните училишта со наведените субјекти, укажува дека таа е слаба, кревка и недоволна и со поголем процент на негативна конотација како што е прикажано на Графиконот 3.




**Графикон 3**

Очекувањата на менаџментот во однос на тоа какви промени би се случиле на државно ниво со воспоставувањето систем за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образо-вание и сл.) по завршување на нивното образование се: подобрена, разумна

уписна политика во делот на профилирање кадри, зголемена информираност, а со тоа и попрецизни сознанија за движењето на завршените ученици, зголемена поврзаност помеѓу потребите на образованието и потребите на пазарот на трудот, воспоставени бази на податоци кои ќе продуцираат релевантни показатели, а со самото тоа ќе отвораат и можности за привлекување инвестиции во одредени региони врз основа на податоците за расположивите човечки ресурси, промени во мрежата на стручни училишта согласно барањата на ПТ, директно и/или индиректно влијание на вработеноста и др.

Според вреднувањето на менаџментот на ССУ за тоа што би претстa-вувало најголем проблем при воспоставување систем за следење на одредиштата на завршените учениците, при рангирање од еден до шест (каде со единица се вреднува најголемиот проблем, а со шест најмалиот проблем), недвојбено за најголем проблем се истакнуваат недоволните финансиски средства и необученоста на човечките ресурси, потоа, следуваат недоволниот квалитет на опремата и недостатокот од квантитет на човечки ресурси, и на крајот за најмал проблем се сметаат недоволниот квантитет на опременост и недоволните просторни услови. Приказ на рангираноста на менаџментот во однос на можните проблеми при воспоставувањето систем за следење на одредиштата на завршените ученици е даден со Графикон 4.


Рангираност на проблемите од менаџментот за системско следење на дестинациите на завршените ученици
недоволни просторни услови
недоволно по квантитет техничко - технолошка опрема
недостаток по квантитет на човечки ресурси
недоволно по квалитет техничко - технолошка опрема
необучени човечки ресурси
недоволно финансиски средства
VI
V
IV
III
II
I
0,041 (242)
0,043 (231)
0,049 (201)
0,059 (168)
0,069 (144)
0,117 (85)
Series1

**Графикон 4**

## 5.2. Согледувања на наставниот кадар за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес

Наставниот кадар е директниот учесник во пренесување на знаењата, збогатувањето на вештините и во откривањето на способностите кај учениците во текот на обазовниот процес. Од исклучителна важност за проценка на квалитетот на работата на наставниот кадар и подигање на свеста за неговата фундаментална улога во образовниот процес е каде и каква е припадноста, односно, одредиштата на завршените ученици согласно стекнатите компетенции во средното стручно училиште кон пазарот на трудот, кон високото образование, или кон некоја друга опција.

Согледувањето на наставниот кадар од училиштата СУГС „Владо Тасевски"-Скопје, СЕТУ „Михајло Пупин"-Скопје, СУГС „Панче Караѓозов"-Скопје, СУГС „Лазар Танев"-Скопје, СУГС „Марија Кири Склодовска"-Скопје, СУГС „Цветан Димов"-Скопје, СОУ „Киро Бурназ"-Куманово, СОУ „Јане Сандански"-Штип, СОУ „Ѓорче Петров"-Кавадарци, СОУ „Коле Неделковски"-Велес, СОУ „Ѓорѓи Наумов"-Битола, СОУ„Димитар Влахов"-Струмица, СОУ „Гостивар"-Гостивар, СОУ „Ристе Ристески Ричко"-Прилеп, СОУ„Моша Пијаде"-Тетово и СОУ „Ванчо Питошевски"-Охрид, ја одредува состојбата и потребата од системско следење на одредиштата, односно, припадноста на завршените ученици после напуштањето на средното училиште.

*Какви се согледувањата на наставниот кадар на средните стручни училишта вклучени во истражувањето во однос на следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште?*

Во однос на тоа дали знаат што се случува со нивните ученици по завршување на образованието во училиштето, 32 испитаници од дванаесет училишта, или 13% се изјасниле потврдно, 71 испитаник од сите шеснаесет училишта, или 29% се изјасниле негативно, а 144 испитаници од сите шеснаесет училишта, или 58% се изјасниле дека знаат незначително малку.

Ваквото согледување на наставниот кадар покажува дека немаат сознанија за тоа што се случува со нивните ученици по завршување на

образованието во училиштето, а она што го знаат е незначително малку, односно, остварено е со: инцидентни контакти, неформални и случајни комуникации, контакти преку социјалните мрежи, јубилејни средби и сл.

Потврда за немање сознанија и податоци што се случува со учениците после завршување на нивното ССО претставуваат и одговорите на наставниот кадар дадени на прашањето „дали постои електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) по завршување на нивното образование во Вашето училиште“, при што, сите 247 испитаници, или 100% се изјасниле дека не постои, што недвосмислено укажува дека системско следење на одредиштата, односно, припадноста на завршените ученици после средното стручно образование не постои.

Искажувањата на наставниот кадар за тоа како ја оценуваат потребата од постоење електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) по завршување на нивното образование во средно стручно училиште и создавање база на податоци за нив, е следна:

- за опцијата „не е потребно“ се изјасниле 15 испитаници од шест училишта, или 6% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „малку е потребно“, се изјасниле 30 испитаници од 12 училишта, или 12% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „потребно е“, се изјасниле 110 испитаници од сите 16 училишта, или 44% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „многу е потребно“, се изјасниле 55 испитаници од сите 16 училишта, или 22% од вкупниот број испитаници;
  и
- за опцијата „неопходно е“, се изјасниле 37 испитаници од 13 училишта, или 16% од вкупниот број испитаници.

Синтезата на резултатите укажува дека потребата од постоење електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) после завршување на нивното образование во средното стручно училиште и создавање база на податоци за нив, претежно е во опсегот „потребно е“ и „неопходно е“, како што е прикажано со Графикон 5, при што, резултатите посочуваат недвосмислена потреба од постоење системско следење на движењето, односно, на одредиштата на учениците после заокружувањето на нивното средно стручно образование.




**Графикон 5**

Наставниците сметаат дека податоците кои ќе произлезат од системското следење на одредиштата на завршените ученици ќе овозможат: подобрена функционалност во наставата што тие ја реализираат, соодветен развој на струките и на образовните профили, соодветен избор на струки и на профили на идните генерации, зголемен број индикатори за успешноста, односно, за квалитетот на наставата, за објективно воведување нови

образовни програми, следење на постигнувањата и достигнувањата на своите ученици како резултат на знаењата и на компетенциите кои тие им ги дале, споделување на заедничките искуства, личната сатисфакција, увид во квалитетот на кадарот што го продуцира училиштето, добивање индикатори за промена на воспитно-образовните стратегии на училиштата, промени во уписната политика и сл.

Изјаснувањата на наставниците во однос на прашањата:

- „дали како наставник сте подготвени да учествувате во градењето систем за следење на завршените ученици од вашето стручно училиште“, се: 201 испитаник од сите 16 училишта, или 81% се изјасниле со „да“, а 46 испитаници од 11 училишта, или 19% се изјасниле со „не“;
- „дали како наставник би се грижеле за надополнување на базата податоци за Вашето училиште“, се: 204 испитаници од сите 16 училишта, или 83% се изјасниле со „да“, а 43 испитаници од 11 училишта, или 17% се изјасниле со „не“.

Ваквите согледувања на наставниците укажуваат на високата свесност од потребата за системско следење на одредиштата на завршените ученици и за нивна голема мотивираност да учествуваат во воспоставувањето и во одржувањето на системот за следење на одредиштатас/припадноста на завршените ученици.

Изјаснувањата на наставниците на прашањето „дали поседувате техничко-технолошка опрема (информатичка) за воспоставување и за следење на базата податоци во однос на завршените ученици“, се: 114 испитаници од сите 16 училишта, или 46% се изјасниле со „да“, 47 испитаници од 11 училишта, или 19% се изјасниле со „не“, а 86 испитаници од сите 16 училишта, или 35% се изјасниле дека опремата која ја имаат е недоволна.

Ваквото согледување на наставниците укажува и потврдува дека опременоста на училиштата со ИТ е на задоволително ниво, со тоа што перспективно таа треба да се обновува.

Изјаснувањата на наставниците на прашањето „дали  како наставник до денес, сте имале некоја потреба од идентификација на завршените ученици од вашето училиште“, се: 84 испитаници од сите 16 училишта, или 34% се изјасниле со „да“, 83 испитаници од 14 училишта, или 34% се изјасниле со „не“, а 80 испитаници од сите 16 училишта, или 32%, се изјасниле дека ретко имале потреба од податоци за завршените ученици. Графиконот 6 ни го дава согледувањето на наставниците во однос на потребата од припадноста на завршените ученици.




**Графикон 6**

Ваквото мислење на наставниците укажува и потврдува дека и во досегашното работење имале потреба од податоци и од сознанија за патиштата на нивните завршени ученици.

Согласно искажувањата на наставниците, потреба од податоци и од сознанија за одредиштата на нивните завршени ученици имале заради: организирање на настава со директно вклучување на успешни поранешни ученици како мотиватори на постојните генерации, за потврда на сопствената работа, за добивање индикатори за одржливост и за развој на струката и профилите во неа, за решавање на стручни проблеми, за организирање на јубилеи, за социјална вклученост на ранливи групи  ученици и сл.

Изјаснувањата на наставниците на прашањето „дали Вие имате сопствена статистичка база на податоци за завршените ученици на кои сте им биле класен раководител“, се: 13 испитаници од шест училишта, или 5% се изјасниле со „да“, 234 испитаници од сите 16 училишта, или 95% се изјасниле со „не“.

Ваквото согледување на наставниците за индивидуална статистичка база на податоци за завршените ученици на кои тие им биле класни раководители укажува дека не ја поседуваат, односно, таа не постои, а она што некои од нив наведуваат дека поседуваат е рачна евиденција која е непотполна, а со самото тоа и нецелисходна.

Вршејќи синтеза на наведените придобивки кои наставниците ги искажуваат од системското следење на завршените ученици во стручното образование можеме да ги издвоиме: објективен увид во квалитетот на работата на наставниците, мотивација за поголемо ангажирање, подобрено планирање на уписите во средните стручни училишта и на факултетите, зајакнување на поврзаноста помеѓу образованието и ПТ, релевантни показатели за успешноста, односно, за неуспешноста на наставникот во профилирањето кадри, промовирање добри наставници, зголемени можности за организирање дебати на поранешните со сегашните ученици со цел правилен увид во сите поволности што им биле понудени на учениците во образованието, подобро насочување на идните генерации, соодветни промени во мрежата на стручни училишта, струки и образовни профили, подобрување на имиџот на училиштата, градење мрежа за комуникација, влијанија врз вработувањето на кадрите, зголемување на интересот кон стручното образование, зголемена информираност, зголемување на самодовербата.

Наставниот кадар не истакнува некои посебни сугестии и предлози во однос на градењето систем/модел за следење на завршените ученици, освен дека, системското следење треба да биде сеопфатно, да постојат унифицирани бази на податоци и да постои интерактивно однесување помеѓу релевантните институции на ССО, на ПТ и на високото образование.

## 5.3. Согледување на учениците за следењето на нивните одредишта после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште

Клучен фактор за воспоставување на системско следење на одредиштата на завршените ученици после завршување на образовниот процес во училиштето се самите ученици. Многу важни компоненти се нивото на развиеност на информатичките компетенции на учениците и свесноста за потребата од системско следење на нивните патишта по завршување на образовниот процес и напуштањето на стручното училиште.

Согледувањето на учениците од завршната четврта година во СУГС „Владо Тасевски"-Скопје, СЕТУ „Михајло Пупин"-Скопје, СУГС „Панче Караѓозов"-Скопје, СУГС „Лазар Танев"-Скопје, СУГС „Марија Кири Склодовска"-Скопје, СУГС „Цветан Димов"-Скопје, СОУ „Киро Бурназ"-Куманово, СОУ „Јане Сандански"-Штип, СОУ „Ѓорче Петров"-Кавадарци, СОУ „Коле Неделковски"-Велес, СОУ „Ѓорѓи Наумов"-Битола, СОУ„Димитар Влахов"-Струмица, СОУ „Гостивар"-Гостивар, СОУ „Ристе Ристески Ричко"-Прилеп, СОУ „Моша Пијаде"-Тетово и СОУ „Ванчо Питошевски"-Охрид, ја одредува состојбата и потребата од системско следење на нивните одредишта, односно, нивната припадност после завршувањето на ССО и напуштањето на ССУ.

*Какви се согледувањата на учениците од средните стручни училишта вклучени во истражувањето во однос на следењето на нивните одредишта после завршувањето на образовниот процес во ССУ?*

На прашањето „дали училиштето ви ги открива можностите каде да ја продолжите вашата кариера (вработување, Високо образование, други обуки и сл.) по завршување на средното образование", 122 испитаници од сите 16 училишта, или 35% се изјасниле позитивно, 120 испитаници од сите 16 училишта, или 35% се изјасниле негативно, а 102 испитаници од сите 16 училишта, или 30% се изјасниле за можноста дека училиштето многу малку ги насочува каде да ја продолжат својата кариера.

Ваквото мислење на учениците укажува дека не постои, или ако постои насочување на учениците каде да продолжат после завршување на ССО, тоа е слабо и со неконзистентен карактер.

Изјаснувањата на учениците за прашањето „дали училиштето располага со информатичка технологија (ИТ) која овозможува користење на интернет“, се: 248 испитаници од 15 училишта, или 72% се изјасниле со „да“, 36 испитаници од седум училишта, или 10% се изјасниле со „не“, а 60 испитаници од 15 училишта, или 18% се изјасниле за опцијата „многу малку“.

Ваквите согледувања на учениците укажуваат и потврдуваат дека опременоста на училиштата со ИТ е на задоволително ниво, со тоа што перспективно таа треба да се обновува.

Идентификувањето на учениците кој може да ја користи информатичката опрема во училиштето е следно:

- за опцијата „никому не му е дозволено да ја употребуваат“, се изјасниле 12 испитаници од три училишта, или 4% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „може да ја употребуват само наставниците“, се изјасниле 25 испитаници од 10 училишта, или 7% од вкупниот број испитаници;
- за опцијата „учениците можат да ја употребуваат само во настава и во присуство на наставник, а наставниците можат и повеќе, односно, и надвор од наставата“, се изјасниле 175 испитаници од сите 16 училишта, или 51% од вкупниот број испитаници;

  и
- за опцијата „подеднакво може да ја употребуваат и наставниците и учениците, како во наставата, така и надвор од неа“, се изјасниле 132 испитаници од сите 16 училишта, или 38% од вкупниот број испитаници.

Значи, според согледувањето за тоа кој може да ја употребува ИТ во училиштето е мислење на учениците за што најчесто таа се употребува. Притоа, 140 испитаници од сите 16 училишта, или 40% се изјасниле „за реализирање на наставата“, 148 испитаници од 16 училишта, или 43% се изјасниле „за пребарување по Интернет“, 15 испитаници од седум училишта, или 4% се изјасниле „за свои потреби ја употребуваат само наставниците“, 19 испитаници од осум училишта, или 6% се изјасниле „не се употребува“ и 22 испитаници од 10 училишта, или 7% се изјасниле дека „не знаат“ за што се употребува информатичката опрема во училиштето.

Толкувањето на искажувањата на учениците за тоа кој може и за што да ја употребува информатичката опрема во училиштето, претежно покажува дека учениците можат да ја користат ИТ само во наставата, во присуство на наставник, најчесто за пребарување по Интернет, а во инцидентни случаи можат да ја употребуваат и надвор од наставниот процес.

Изјаснувањата на учениците во однос на прашањата:

- „дали имате компјутер и интернет дома“, се: 317 испитаници од сите 16 училишта, или 92% се изјасниле со „да“, а 27 испитаници од 10 училишта, или 8% се изјасниле со „не“.
- „Каде најчесто ги користите услугите на интернетот“ се следни:
  - за опцијата „не користам интернет“ се изјасниле 13 испитаници од пет училишта, или 4%;
  - за опцијата „на училиште“ се изјасниле 24 испитаници од 11 училишта, или 7%;
  - за опцијата „дома“ се изјасниле 217 испитаници од сите 16 училишта, или 63%;
  - за опцијата „подеднакво и на училиште, и дома“ се изјасниле 83 испитаници од 14 училишта, или 24%;

    и
  - за опцијата „на друго место (Интернет кафе, кафулиња, пријатели, другари и сл.)“ се изјасниле седум испитаници од пет училишта, или 2%.
- На прашањето „дали имате сопствена e-mail адреса“, 318 испитаници од сите 16 училишта, или 92% се изјасниле дека имаат свој e-mail, а 26 испитаници од 7 училишта, или 8% се изјасниле дека немаат свој e-mail.

При синтеза на податоците од прашањата за поседување компјутер и интернет во домашни услови, местото на користење на услугите на Интернетот и поседувањето свој e-mail, може да се заклучи дека 92% од учениците имаат свој компјутер, користат Интернет услуги и имаат свој e-mail, што значи дека се во состојба електронски да комуницираат, додека, 8% од учениците не користат Интернет услуги и немаат свој e-mail, што значи дека не се во состојба електронски да комуницираат.

Состојбата за можната електронска комуникација на учениците е дадена со Графикон 7.




**Графикон 7**

Следните согледувања на учениците се во насока на прикажување на нивните видувања и ставови во однос на следењето на нивната припадност после завршување на средното стручно образование.

Во однос на прашањето дали би сакале да останат во комуникација со училиштето откако ќе го завршат средното стручно образование, 289 испитаници од сите 16 училишта, или 84% се изјасниле дека би сакале, а 55 испитаници од сите 16 училишта, или 16% не би сакале да останат во комуникација со училиштето по завршување на ССО.

Соодветно на согледувањата на учениците за тоа дали би сакале да останат во комуникација со училиштето откако ќе го завршат ССО е нивното мислење во однос на прашањето „дали би биле подготвени (би можеле) на барање на училиштето по завршувањето на ССО да даваат информации на училиштето барем еднаш во текот на годината за нивните патишта (информации од типот: дали сте невработени, дали и каде сте вработени, дали и каде сте на високото образование и сл.)“. Притоа, 286 испитаници од

сите 16 училишта, или 83% се изјасниле позитивно, а 58 испитаници од 12 училишта, или 17% се изјасниле негативно.

Причините кои се наведуваат од страна на учениците кои не би сакале да останат во комуникација и не се спремни да споделуваат информации за нивните патишта со училиштето после завршувањето на ССО се:

- несогледување потреба и причина за да останат во комуникација и да споделуваат информации за нивните патишта со училиштето;
- недоволна мотивација за да останат во комуникација со училиштето;
- немање инвентивност за понатамошна комуникација со училиштето;
- лошо чувство кое го носат поради непрофесионален однос на дел од наставниот кадар;
- училиштето кај дел од учениците во текот на четиригодишното образование не изградило доволно чувство за припадност и грижа;
- лоша комуникација во релацијата наставник-ученик;
  и
- напуштање на Република Македонија по основа на продолжување на образованието и промена на местото на живеење.

Аналитичкиот осврт на согледувањата на учениците кои сакаат и кои можат да останат во комуникација со училиштето после завршувањето на средното стручно образование покажува висок процент од 83%, што претставува добар предуслов за воспоставување системско следење на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО. Соодносот на учениците кои сакаат и кои можат да останат во комуникација со училиштето и оние кои не сакаат и кои не можат да останат во комуникација со училиштето после завршувањето на средното стручно образование е прикажано со Графикон 8.




**Графикон 8**

Согледувањата на учениците за временскиот период кој е доволен за да се следат нивните одредишта се: за време до пет години се изјасниле 229 испитаници од сите 16 училишта, или 67%, за време од пет до седум години се изјасниле 72 испитаници од 15 училишта, или 21%, и за време над седум години се изјасниле 43 испитаници од 13 училишта, или 12%.

Согласно проценките на учениците, временскиот период од пет години после завршување на средното стручно образование е оптимален за давање информации и системско следење на нивните одредишта.

Согледувањето на учениците дали гледаат лична придобивка со давањето информации на училиштето за нивните одредишта после завршувањето на ССО (информации од типот: дали се невработени, дали и каде се вработени, дали и каде се на високото образование и сл.), е дека 227 испитаници од сите 16 училишта, или 66% согледуваат лична придобивка, додека, 117 испитаници од сите 16 училишта, или 34% не согледуваат лична придобивка со давањето информации на училиштето за нивните понатамошни патишта.

Придобивките кои учениците ги истакнуваат од споделувањето на информации со училиштето (информации од типот: дали се невработени, дали и каде се вработени, дали и каде продолжиле со високото образование и сл.), и од постоењето на системско следење на нивните одредишта после завршувањето на средното стручно образование се:

- помош и споделување на информации за можни идни вработувања;
- добивање информации и совети за состојбите во однос на пазарот на трудот и високото образование;
- развивање чувство на сигурност поради постоење институција на која ќе можат да се обратат за каков било проблем;
- градење на партнерски односи на соработка со училиштето;
- добивање на препораки за идните работодавачи;
  и
- можност за користење на ресурси (опрема) на училиштето.

Согледувањата на учениците за најпогодниот начин на комуникација и доставување на информации до училиштето (информации од типот: дали се невработени, дали и каде се вработени, дали и продолжиле со високото образование и сл), е следна:

- за опцијата „комуникација преку телефон", се изјасниле осум испитаници од седум училишта, или 2%;
- за опцијата „комуникација преку електронска пошта (e-mail)", се изјасниле 91 испитаник од сите 16 училишта, или 26%;
- за опцијата „директна комуникација со посета на училиштето", се изјасниле 131 испитаник од сите 16 училишта или 38%; и
- за опцијата „каква било комуникација", се изјасниле 114 испитаници од сите 16 училишта, или 33%.

Соодносот на согледувањето на учениците за различните начини на комуницирање со училиштето после завршувањето на ССО е даден со Графикон 9.




**Графикон 9**

Анализата на изјаснувањата на учениците за најпогодниот начин на комуникација и доставување на информации до училиштето во однос на нивните патиштата после завршувањето на средното стручно образование укажува дека при проектирањето и воспоставувањето системското следење на дестинациите на завршените ученици потребно е да се овозможи хетерогена комуникација (синтеза на повеќе видови на комуникација), а не само еден вид комуникација.

Според искажувањата на учениците во однос на прашањето каде ќе продолжат после завршувањето на средното стручно образование имаме: 214 испитаници од 16-те училишта, или 62% се изјасниле дека ќе продолжат на факултет, 70 испитаници од 14 училишта, или 20% се изјасниле дека ќе продолжат на работа, а 60 испитаници од 15 училишта, или 18% дека не знаат каде ќе продолжат после завршувањето на ССО.

Ваквото согледување покажува каде е главната припадност на завршените ученици после напуштањето на средното стручно училиште и ги одредува институциите како што се: училиштата, факултетите, АВРМ и ЦСОО кои како главни чинители треба да бидат директно вклучени во системското следење на средното стручно образование, при што никако не смеат да бидат изоставени учениците кои не знаат каде после средното стручно образование, односно категоријата  завршени ученици кои нема да најдат место на пазарот на трудот, или во високото образование.

Оценката и проценката на учениците за потребата од воспоставувањето систем за следење на нивните одредишта после завршувањето на средното стручно образование со цел да се дава континуирана помош во развојот на личноста е следна:

- за опцијата „не е потребно“ се изјасниле 15 испитаници од осум училишта, или 4%;
- за опцијата „потребно е“, се изјасниле 195 испитаници од сите 16 училишта, или 57%;
- за опцијата „неопходно е“, се изјасниле 84 испитаници од сите 16 училишта, или 24%;

  и
- за опцијата „не знам“, се изјасниле 50 испитаници од 14 училишта, или 15%;

Синтезата на резултатите укажува дека потребата од воспоставување систем за следење на одредиштата на учениците после завршувањето на средното стручно образование, претежно е во опсегот „потребно е“ и „неопходно е“, при што, резултатите покажуваат недвосмислена потреба од постоење на наведеното системско следење.

Односот на оценките на учениците за потребата од систем за следење на нивните одредишта после завршувањето на ССО е даден со Графикон 10.


Оценка на учениците за потребата од систем за следење на нивните дестинации по завршување на ССО
50
84
15
195
Неопходно 24%
Потребно 57%
Не е потребно 4%
Не знам 15%

**Графикон 10**

## 5.4. Согледувања на работодавачите за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес

Работодавачите се директните корисници на стекнатите знаења и вештини на завршените ученици од ССО. Од исклучителна важност за проценката на квалитетот на работната сила се нивните согледувања, односно, нивната активна улога во системското следење на завршените ученици. Информациите добиени од работодавачите и нивната свесност за потребата од податоци за местата, односно, одредиштата на завршените ученици од средното стручно образование кон пазарот на трудот се битен фактор за успешното функционирање на системското следење на завршените ученици.

Согледувањата на работодавачите чиј опфат е даден во Табелата 2., ја одредува состојбата и потребата од системско следење на одредиштата, односно, припадноста на завршените ученици после напуштањето на средното училиште.

| **Tabela 5: Опфат на работодавачи** | | | |
|---|---|---|---|
| **РЕД.БР.** | **КОМПАНИЈА** | **ГРАД** | **ДЕЈНОСТ** |
| 1. | Агроинвест | Штип | Примарно производство на млеко |
| 2. | Амортекс | Кочани | Трговија на текстил |
| 3. | Аллинад | Кочани | Услуги со метални производи |
| 4. | ЕвроБалкан | Кочани | Услужна |
| 5. | Елида турс | Охрид | Туризам и угостителство |
| 6. | Виа Пром | Охрид | Производство на кондиторски производи |
| 7. | Тренд трејд | Охрид | Трговија и услуги |
| 8. | Кошишта | Охрид | Трговија со прехранбени продукти |
| 9. | Текстил - Струга | Струга | Услуги со текстил |
| 10. | Интернационал 2 | Струга | Производство на пекарски производи |
| 11. | Импала | Струга | Обработка на камен |
| 12. | Капитал медиа груп | Скопје | Издаваштво |
| 13. | ЈП Комунална хигиена | Скопје | Комуналии и хигиена |
| 14. | Инбох-Архивски центар | Скопје | Архивирање |
| 15. | Мобил Порто 3М | Скопје | Трговија |
| 16. | Флокс КМ | Скопје | Трговија со недвижности |
| 17. | СК мебел | Скопје | Трговија со мебел |
| 18. | Пингвин маркет | Скопје | Трговија |
| 19. | Табернаку-печатница | Скопје | Издаваштво |
| 20. | Хисар Компани | Скопје | Транспорт |
| 21. | Злате Транс | Скопје | Транспорт |
| 22. | Виза-угостителство | Скопје | Угостителство |
| 23. | Дебарца Комерц | Скопје | Трговија |
| 24. | Ниџо Комерц | Скопје | Трговија |
| 25. | АЛ-МА-ДЕ | Скопје | Производство и трговија |
| 26. | ДТГМ АДОР СТИЛ | Скопје | Трговија со козметика |
| 27. | ДПТУ МУЛТИ МИКС | Скопје | Производство и трговија со храна |
| 28. | Пропоинт-печатница | Скопје | Издаваштво |

*Какви се согледувањата на работодавачите вклучени во истражувањето во однос на следењето на одредиштата учениците после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште?*

На прашањето „дали во регионот каде што се наоѓа вашата компанија има средно стручно училиште кое продуцира соодветни кадри за вработување кај вас“, 15 испитаници, или 54% се изјасниле позитивно, а 13 испитаници, или 46% се изјасниле негативно.

Ваквото согледување на работодавачите укажува на половично присуство на стручно училиште во регионот каде тие се наоѓаат, при што ова може да се должи или на фактичката состојба, или на неинформираност на работодавачите дека постои стручно училиште во нивниот регион.

Искажувањата на работодавачите во однос на прашањата:

- дали соработуваат со училиштата од нивниот регион се: еден испитаник, или 4% се изјаснил позитивно, 21 испитаник, или 75% се изјасниле негативно, а шест испитаници, или 21% се изјасниле дека остваруваат делумна соработка; и
- дали соработуваат со кое било средно стручно училиште на територија на Република Македонија се: еден испитаник, или 4% се изјасниле позитивно, 20 испитаници, или 71% се изјасниле негативно, а седум испитаници, или 25% се изјасниле дека остваруваат делумна, односно, повремена соработка.

Анализата на ваквите согледувања на работодавачите во однос на соработката со стручните училишта укажува на немање соработка помеѓу овие две страни, а и доколку постои соработка, таа се остварува делумно и повремено. Во најчести случаи делумната соработка е поради инцидентни посети на училиштата во компаниите, или заради изведување на дел од практичната настава во компаниите.

Согледувањето на работодавачите за остварената соработка со средните стручни училишта е прикажана на Графикон 11.




**Графикон 11**

Потврда за слабата соработка помеѓу работодавачите и училиштата се и одговорите кои ги даваат работодавачите во однос на прашањето „дали во вашата компанија примате ученици на практична обука", при што пет испитаници, или 18% одговориле со „да", 22 испитаници, или 78% одговориле со „не", а еден испитаник, или 4% се изјасниле за опцијата „повремено".

Како резултат на слабата соработка помеѓу училиштата и работодавачите, нормално е да се очекува дека работодавачите не поседуваат систем за следење на патиштата на завршените ученици или за следењето на нивниот напредок додека се во компанија, при што сто отстотната изјаснетост на работодавачите дека немаат системско следење ја потврдува ваквата констатација.

На прашањето „дали при вработувањето на нови кадри им давате приоритет на учениците кои реализирале практична обука во вашата компанија", 13 испитаници, или 46% се изјасниле позитивно, 10 испитаници, или 36% се изјасниле негативно, а пет испитаници, или 18% се изјасниле дека понекогаш при вработувањето им даваат приоритет на учениците кои биле и реализирале практична работа во компанијата.

Ваквото согледување на работодавачите укажува дека изведувањето на практичната настава во компанија има влијание врз вработувањето на идните кадри, а тоа влијание би било уште поголемо доколку соработката помеѓу училиштата и работодавачите се зголеми, се прошири и се продлабочи.

Искажувањата на работодавачите во однос на прашањето „дали за потребите на вашата компанија имате недостаток на кадри со завршено средно стручно образование“ се: 10 испитаници, или 36% се изјасниле со „да“, 14 испитаници, или 50% се изјасниле со „не“, а четири испитаници, или 14% се изјасниле за опцијата „понекогаш“.

Ваквото согледување на работодавачите укажува на половичен недостаток со работна сила, а задоволувањето на потребата со нови кадри ја реализираат најчесто со објавување на огласи, со лични контакти, со добивање информации од АВРМ и од веќе вработените.

На прашањето „дали како компанија сте подготвени да соработувате со училиштата во креирање на уписната политика во училиштето, односно, во искажувањето на потребата од соодветна образовна програма од одредена струка“, 15 испитаници, или 54% се изјасниле позитивно, осум испитаници, или 28% се изјасниле негативно, а пет испитаници, или 18% се изјасниле дека се делумно подготвени за соработка.

Ваквото согледување на работодавачите укажува дека тие се отворени за соработка со стручните училишта, дека постои подготвеност, расположение, како и дека се идентификувани потреби од идна поцврста поврзаност со училиштата.

Идентични се искажувањата на работодавачите во однос на прашањата: „дали мислите дека има потреба од системско следење на завршените ученици од ССО од кое би можеле да добиете информации за кадри со завршено стручно образование соодветни за работни места во вашата компанија“ и „доколку би постоел систем за следење на припадноста на учениците после завршувањето на нивното образование, дали би го користе-

ле при вработување на нови потребни кадри“, при што 23 испитаници, или 82% се изјасниле со „да“, а пет испитаници, или 18% со „не“.

Аналитичкиот осврт на ваквото согледување на работодавачите укажува дека постои висока свесност за потребата од системско следење на завршените ученици од ССО. Потребата која ја искажуваат работодавачите е полесен, побрз и поцелисходен пристап до информации за кадри со завршено стручно образование соодветни за изведување на работи и работни задачи во компаниите, како и побрз и олеснителен пристап до работна сила. Перцепцијата на работодавачите за потребата од системско следење на завршените ученици од ССО и квантумот на користење на ваквиот систем е прикажан на Графикон 12.




**Графикон 12**

Оценката и проценката на работодавачите за потребата од воспоставувањето систем за следење на одредиштата на учениците после завршувањето на средното стручно образование е следна:

- за опцијата „не е потребно“, се изјасниле два испитаника, или 7%;
- за опцијата „малку е потребно“, се изјасниле три испитаници, или 10%;
- за опцијата „потребно е“, се изјасниле 13 испитаници, или 47%;
- за опцијата „многу е потребно“, се изјасниле шест испитаници, или 22%; и

- за опцијата „неопходно е“, се изјасниле четири испитаници, или 14%;

Синтезата на резултатите укажува дека потребата од воспоставување на систем за следење на одредиштата на учениците после завршување на средното стручно образование, претежно е во опсегот „потребно е“ и „неопходно е“, при што, резултатите покажуваат недвосмислена потреба од постоење на системско следење.

Соодносот на оценките на работодавачите за потребата од систем за следење на одредиштата на учениците по завршување на ССО е даден со Графикон 13.




**Графикон 13**

Во однос на идентификацијата кој би требало да се грижи и да ја надополнува базата на податоците, согледувањата на работодавачите е: 10 работодавачи, или 36% сметаат дека за базата на податоци треба да се грижат училиштата, 13, или 46% сметаат дека тоа треба да го прават општините, а пет, или 18% сметаат дека одржувањето и надополнувањето на базата на податоци треба да биде од страна на некоја друга институција, какви што се АВРМ и ЦСОО.

Ваквото согледување на работодавачите укажува дека во одржувањето и во надополнувањето на базата на податоци треба да бидат вклучени повеќе институции со споделена улога, учество и одговорност.

Идентификувањето на работодавачите во однос на институциите и нивната приоритетност во вклучувањето при воспоставувањето на систем за системското следење на дестинациите, односно, припадноста на завршените ученици после средното стручно образование е дадено во Табела 6.

Квантифицирањето на процентуално изразеното видување за потреба од вклученост на одредена институција е извршена во однос на три категории на вклученост: „мора да биде вклучена“, „пожелно е да биде вклучена“ и „не мора да биде вклучена“.

**Табела 6. Квантификација на институционалната вклученост за системско следење на средното стручно образование изразена од работодавачите**

| Ред. бр. | Институција | Мора да биде вклучена (изјаснетост во %) | Пожелно е да биде вклучена (изјаснетост во %) | Не мора да биде вклучена (изјаснетост во %) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Средни стручни училишта (ССУ) | 93 | 7 | 0 |
| 2. | Министерството за образование и наука (МОН) | 85 | 11 | 4 |
| 3. | Центар за стручно образование и обука (ЦСОО) | 90 | 6 | 4 |
| 4. | Биро за развој на образованието (БРО) | 35 | 54 | 11 |
| 5. | Државен испитен центар (ДИЦ) | 14 | 22 | 64 |
| 6. | Агенција за вработување на Република Македонија (АВРМ) | 75 | 25 | 0 |
| 7. | Универзитети | 18 | 78 | 4 |
| 8. | Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) | 14 | 61 | 25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Државен просветен инспекторат (ДПИ) | 14 | 28 | 58 |

Согласно искажувањата на работодавачите за вклученоста на институциите при воспоставувањето на систем за редовно следење на патиштата, односно припадноста на завршените ученици после средното стручно образование, прикажани во Табелата 6, имаме:

- институции кои мораат да бидат вклучени во системското следење на одредиштатата, односно на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование се: ССУ-та, ЦСОО, МОН и АВРМ;
- институции кои е пожелно да бидат вклучени во системското следење на одредиштата, односно на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование се: Универзитетите, ЗЕЛС и БРО; и
- институции кои не мора да бидат вклучени во системското следење на дестинациите, односно, припадноста на завршените ученици после средното стручно образование се: ДИЦ и ДПИ.

Ваквите согледувања на работодавачите се речиси идентични со согледувањата на менаџментот на средните стручни училишта за вклученоста на институциите при воспоставувањето на систем за постојано следење на одредиштата, односно на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование.

Според вреднувањето на работодавачите за тоа што би претставувало најголем проблем при воспоставување на систем за следење на одредиштата на завршените учениците, при рангирање од еден до шест, каде со единица се вреднува најголемиот, а со шест најмалиот проблем, недвојбено за најголем проблем се истакнуваат недоволните финансиски средства и необученоста на човечките ресурси, потоа следуваат недостатокот на квантитет од човечки ресурси, недоволниот квантитет на опременост, недоволниот квалитет на опремата и, на крајот, за најмал проблем се сметаат недоволните просторни услови. Приказ на рангираноста на работодавачите во однос на можните проблеми при воспоставувањето на

систем за следење на дестинациите на завршените ученици е дадено со Графикон 14.




**Графикон 14**

На прашањето „дали како компанија би учествувале во воспоставувањето на систем за следење на припадноста на завршените ученици од стручното образование“, 13 испитаници, или 46% се изјасниле позитивно, а 15, или 54% се изјасниле негативно.

Ваквото согледување на работодавачите укажува дека се тие половично подготвени да учествуваат во воспоставувањето систем за следење на припадноста на завршените ученици од стручното образование.

### 5.5. Согледување на локалната самоуправа за следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес

Со децентрализацијата во Република Македонија настанаа и одредени промени во поставената функционалност на образовниот систем. Одредени надлежностите и ингеренции во однос на поставеноста и функционирањето на средните стручни училишта припаднаа во надлежност на општините, односно на локалната самоуправа. Како директни чинители надлежни за ССУ-та, а со самото тоа и на образовниот систем, од голема важност се согледувањата на локалната самоуправа за системското следење на завршените ученици. Информациите добиени од општините и нивната свесност за потребата од податоци за припадноста, односно, за одредиштата на завршените ученици од средното стручно образование се битен фактор за успешното воспоставување и функционирање на системско-то следење на завршените ученици.

Согледувањето на претставниците од секторите за образование при општините: Велес, Тетово, Струмица, Охрид, Прилеп, Гостивар, Куманово, Кавадарци, Битола, Штип, Аеродром, Карпош, Чаир и на градот Скопје ја покажуваат состојбата и потребата од системско следење на одредиштата, односно, на припадноста на завршените ученици после напуштањето на средното стручно училиште.

*Какво е согледувањето на локалната самоуправа, односно на општините вклучени во истражувањето во однос на следењето на одредиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште?*

На прашањето „дали во рамките на Вашата општина има средно стручно училиште“, 13 испитаници или 93% се изјасниле позитивно, а еден испитаник, или 7% се изјаснил негативно.

Ваквото согледување на општините укажува на речиси целосно присуство на стручно училиште/а во регионот каде тие се наоѓаат.

Искажувањата на општините во однос на нивните наведувања, односно идентификацијата на средните стручни училишта кои се наоѓаат на нивните територии и на струките кои се реализираат во тие училишта, целосно се наведени.

Ваквото согледување укажува на воспоставена соработка на општините со средните стручни училишта и познавање на структурата на квалификациите на кадарот кој се продуцира на локално ниво.

Потврда на ваквата констатација е и искажувањето од општините на прашањето „дали соработувате со стручните училишта во креирање на уписната политика во училиштето, во искажувањето на потребата од соодветна образовна програма од одредена струка“, при што, осум испитаници, или 58% се изјасниле позитивно, два испитаника, или 14% се изјасниле негативно, а четири испитаници, или 28% се изјасниле дека остваруваат делумна соработка.

На прашањето „дали во рамките на општината вршите истражување за потребите на пазарот на трудот“, три испитаници, или 21% се изјасниле позитивно, шест испитаници, или 43% се изјасниле негативно, а пет испитаници, или 36% се изјасниле дека вршат делумно истражување на пазарот на трудот.

Ваквото согледување на општините укажува на недоволно истражување на пазарот на трудот, при што постои неконзистентност во однос на податоците за потребите на пазарот на трудот од причина што нема унифицираност и методолошки пристап во истражувањата на локално ниво.

Потврда за ваквото согледување на општините за недоволното истражување на пазарот на трудот се и искажувањата на дел од општините кои наведуваат дека истражувањата кои ги реализираат се поради: утврдување на потребите за упис на идни ученици во средните стручни училишта, давање насоки на училиштата за потребните профили согласно локалниот економски развој и проектираните политики на општината и обезбедување на транспарентност и информираност за можностите кои ги нуди стручното образование на локално ниво за учениците кои треба да влезат во ССО.

Искажувањата на општините во однос на прашањето „дали општината има информации/има статистички податоци за тоа што се случува со учениците средношколци од стручното образование после завршување на средното стручно образование" се: ниту една општина не се изјаснила потврдно, 11 општини, или 79% се изјасниле дека немаат информации/статистички податоци, а три општини, или 21% се изјасниле дека имаат делумни информации, односно податоци. Она што општините го наведуваат како делумно поседување информации/статистички податоци се податоците од АВРМ, кои, како што наведуваат и самите, не даваат пошироки релевантни информации.

Ваквото согледување укажува на непостоење информации/податоци на локално ниво за патиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште.

Потврда за ваквото сознание на општините се и изјаснувањата на општините на прашањето „дали постои систем за следење на учениците после завршувањето на стручното образование во образовниот сектор на Вашата локална самоуправа", при што, сите општини се изјасниле дека тој не постои.

Сите општини искажуваат дека има потреба од постоење систем за следење на учениците после завршувањето на стручното образование, што укажува на висока свесност кај локалната самоуправа од согледување на потребата за постоење на ваков систем.

Поинаква е состојбата на општините во однос на поседувањето бази на податоци за уписот на учениците во училиштата. Искажувањата на општините во однос на прашањето „дали поседувате база на податоци за уписот на учениците во училиштата од Вашата локална самоуправа“, се: девет испитаници, или 64% се изјасниле позитивно, а пет испитаници, или 36% се изјасниле негативно.

Ваквото согледување укажува дека општините имаат направено исчекор во однос на воспоставувањето бази на податоци за уписот на учениците во училиштата, иако не треба да се занемари фактот дека значителен процент од општините не поседуваат вакви податоци.

Општините кои поседуваат бази на податоци од уписот на учениците во средните стручни училишта најчесто ги користат за: планирање на бројот на ученици и паралелки, распределба на часовите, организирање на наставата, увиди во состојбата на запишани ученици во ССУ, утврдување на приливот на учениците во другите општини, креирање на уписната политика на локално ниво и утврдување на состојбите со кадровскиот потенцијал.

Искажувањата на општините за тоа како ја оценуваат потребата од постоење електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) по завршување на нивното образование во средно стручно училиште и создавање база на податоци за нив, е следна:

- за опциите „не е потребно“ и „малку е потребно“ не се изјаснил ниту еден испитаник;
- за опцијата „потребно е“, се изјасниле осум испитаници или, 57% од вкупниот број на испитаниците;
- за опцијата „многу е потребно“, се изјасниле еден испитаник или 7% од вкупниот број на испитаниците;

и

- за опцијата „неопходно е“, се изјасниле пет испитаници, или 36% од вкупниот број на испитаниците;

Синтезата на резултатите укажува дека потребата од постоење електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) после завршување на нивното образование во средното стручно училиште и создавањето база на податоци за нив во целост е во опсегот „потребно е“ и „неопходно е“, како што е прикажано со Графиконот 15, при што, резултатите укажуваат на недвосмислена потреба од постоење на системско следење на движењето и одредиштата на завршените ученици после заокружувањето на нивното средно стручно образование.




**Графикон 15**

Во однос на идентификацијата за тоа кој би требало да се грижи и да ја надополнува базата на податоците, мислењето на локалната самоуправа е: четири општини, или 29% сметаат дека за базата на податоци треба да се грижат училиштата, две општини, или 14% сметаат дека тоа треба да го прават самите општини, а осум општини, или 57% сметаат дека одржувањето и надополнувањето на базата на податоци треба да биде од страна на некоја друга институција, какви што се: АВРМ, ЦСОО, МОН, факултетите и посебни центри, или специјализирани институции.

Ваквото согледување на локалната самоуправа укажува дека во одржувањето и во надополнувањето на базата на податоци треба да бидат вклучени повеќе институции со споделена улога, учество и одговорност.

Локалната самоуправа најмногу истакнува дека постоењето електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) после завршување на нивното образование и создавање база на податоци за истите, би користело во креирање на уписната политика и за оправдани промени во мрежата на стручните училишта. Потврда на ваквото согледување на локалната самоуправа се и искажувањата на општините на прашањето „дали мислите дека електронски систем би ви помогнал во креирање на уписната политика во Вашата општина“, при што 11 општини, или 79% се изјасниле позитивно, три општини, или 21% се изјасниле дека ваквиот систем би помогнал делумно, а ниту една општина не се изјаснила негативно по ова прашање.

Идентификувањето на локалната самоуправа во однос на институциите и нивната приоритетност во вклучувањето при воспоставувањето на систем за системското следење на одредиштата, односно, на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование е дадено во Табела 7.

Квантифицирањето на процентуално изразеното сознание за потреба од вклученост на одредена институција е извршена во однос на три категории на вклученост: „мора да биде вклучена“, „пожелно е да биде вклучена“ и „не мора да биде вклучена“.

| **Табела 7. Квантификација на локалната самоуправа за институционалната вклученост за системското следење на средното стручно образование** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Институција | Мора да биде вклучена (изјаснетост во %) | Пожелно е да биде вклучена (изјаснетост во %) | Не мора да биде вклучена (изјаснетост во %) |
| 1. | Средни стручни училишта (ССУ) | 64 | 22 | 14 |
| 2. | Министерството за образование и наука (МОН) | 79 | 21 | 0 |
| 3. | Центар за стручно образование и обука (ЦСОО) | 79 | 21 | 0 |
| 4. | Биро за развој на образованието (БРО) | 36 | 50 | 14 |
| 5. | Државен испитен центар (ДИЦ) | 7 | 79 | 14 |
| 6. | Агенција за вработување на Република Македонија (АВРМ) | 79 | 21 | 0 |
| 7. | Универзитети | 36 | 50 | 14 |
| 8. | Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) | 71 | 22 | 7 |
| 9. | Државен просветен инспекторат (ДПИ) | 21 | 21 | 58 |

Согласно искажувањата на работодавачите за вклученоста на институциите при воспоставувањето систем за системското следење на одредиштата, односно, на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование, прикажани во Табелата 6, имаме:

- институции кои мораат да бидат вклучени во системското следење на дестинациите, односно, на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование се: ССУ-та, ЦСОО, МОН, АВРМ и ЗЕЛС;
- институции кои е пожелно да бидат вклучени во системското следење на одредиштата, односно, на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование се: Универзитетите, БРО; и ДИЦ.

- институција која не мора да биде вклучена во системското следење на одредиштата, односно, на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование е ДПИ.

Ваквото согледување на локалната самоуправа е блиско до  она на менаџментот на средните стручни училишта и на работодавачите за вклученост на институциите при воспоставувањето систем за постојано следење на одредниците, односно, на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование.

Според вреднувањето на општините за тоа што би претставувало нај-голем проблем при воспоставување  систем за следење на одредиштата на завршените учениците, при рангирање од еден до шест, каде со единица се вреднува најголемиот, а со шест најмалиот проблем, недвојбено за најголем проблем се истакнуваат недоволните финансиски средства и необученоста на човечките ресурси, потоа следуваат недостатокот од квантитет од човечки ресурси, недоволниот квалитет на опремата, недоволниот квантитет на опре-меност, а за најмал проблем се сметаат недоволните просторни услови. Приказ на рангираноста на општините во однос на можните проблеми при воспоставувањето систем за следење на одредиштата на завршените ученици е дадено со Графикон 15.




**Графикон 15**

### 5.6. Согледување на завршените ученици со статус на невработени лица за следењето на одредиштата на учениците после завршување на образовниот процес

Завршените ученици со статус на невработени лица се категорија на испитаници која може мериторно да даде проценка и оценка за потребата од системско следење на патиштата на завршените ученици по завршување на образовниот процес. Пред сè, од причина што истите го имаат поминато образовниот процес во стручно училиште и можат реално да ги прикажат состојбите во однос на потребата за системско следење на одредниците на завршените ученици од аспект на својата положба во која се наоѓаат.

Согласно изјаснувањата на интервјуираните испитаници кои го завршиле средното стручно образование, можат да се наведат следниве согледувања:

- Училиштата немаат стратегија за промовирање на можностите за идни вработувања на учениците кои го завршуваат ССО. Контактите и соработката на училиштата со компаниите се слаби, инцидентни, или воопшто не постојат. Постојат индивидуални случаи кога некој од наставниците ги евидентира телефонските броеви и адресите на живеење на некои од учениците, но учениците после завршувањето на ССО не биле контактирани, ниту пак информирани за конкретни можности за вработување.
- Во училиштата се промовираат можностите за продолжување во високото образование, преку презентирање на студиските програми од страна на некои факултети, при што значително е поголема застапеноста на приватните факултети.
- Најголем дел од невработените интервјуирани лица (околу 85%) ги користат интернет услугите, и имаат e-mail адреси. Останатите испитаници од економски причини немаат компјутери.
- Речиси едногласни се искажувањата на испитаниците дека имаат желба да останат во комуникација со училиштето и после завршувањето на средното стручно образование.

- Испитаниците изразуваат целосна подготвеност континуирано да го информираат училиштетото за нивните одредишта и за нивниот професионален развој.
- Испитаниците сметаат дека во период од пет (5) години од нивното завршување на ССО треба да бидат во континуирана комуникација со училиштето.
- Поголем дел од испитаниците сметаат дека комуникацијата со училиштето треба да постои сѐ до моментот на нивното вработување, при што, како предност на овој процес ја истакнуваат можноста да им се помогне при вработувањето и училиштето, од оваа перспектива, го гледаат како посредник помеѓу нив и компаниите. Најголем процент од невработените не размислуваат да го продолжат своето образование на факултетите заради немање финансиска поддршка.
- Речиси сите испитаници се едногласни во изјаснувањата дека процесот на комуницирање со училиштата треба да биде добро осмислен, организиран и реализиран од професионална служба и од обучени лица. Претпочитаат директната комуникација која ќе се остварува преку средби во просториите на училиштето, при што училиштата телефонски би ги информирале за динамиката на средбите. Исто така испитаниците немаат ништо против и друг вид на добро осмислена комуникација со училиштата.
- Испитаниците ја поддржуваат иницијативата за воспоставувањето систем за следење на професионалниот развој на учениците и после завршувањето на средното стручно образование со цел да се добива континуирана помош во развојот на личноста. Едногласни се во ставовите дека воспоставувањето систем за следење на патиштата на учениците после завршување на средното стручно образование е неопходен.

## 5.7. Согледување на институциите надлежни за средното стручно образование за следењето на патиштата на учениците после завршувањето на образовниот процес.

За да можат институциите надлежни за средното стручно образование (МОН, БРО и ЦСОО) да ги планираат и да ги иницираат подобрувањата во образовниот систем, треба и мора да знаат што се случува со учениците после завршување на средното стручно образование.

Согледувањата на претставниците од институциите надлежни за ССО (МОН, БРО и ЦСОО) ја одредуваат состојбата и потребата од системско следење на одредниците, односно, на припадноста на завршените ученици после напуштањето на средното стручно училиште.

Согласно изјаснувањата на интервјуираните испитаници од надлежните институции за средното стручно образование, можат да се наведат следниве институционални согледувања:

- ❖ Не постои систем за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) после завршување на нивното образование.
- ❖ Не се води евиденција за прибирање на информации кои ќе одговорат на прашањето: „што се случува со учениците после завршување на ССО“.
- ❖ Многу е потребно воспоставување електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) после завршување на нивното образование и создавање  база на податоци за нив.
- ❖ Институции кои мораат да бидат вклучени во креирањето, воспоставувањето и функционирањето на системското следење на припадноста на завршените ученици се: ССУ-та, ЦСОО, МОН, АВРМ и Универзитетите, а пожелно е да бидат вклучени и: БРО, ДИЦ, ЗЕЛС и ДПИ.
- ❖ За упис во стручните училишта, МОН ги користи податоците од АВРМ, анализите на локално ниво и економската политика на Р.Македонија на макро-економско ниво.

- Институционално гледано, постоењето на електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) после завршување на нивното образование и создавање база на податоци за нив, најмногу би помогнало за:

  1. креирање на уписната политика во стручните училишта;
  2. планирање и спроведување на дополнителни реформи, или интервенции во стручното образование;
  3. подобро и поцелисходно планирање на образовниот процес;
  4. подобра усогласеност на стручното образование со пазарот на труд;
  5. оптимизирање на мрежата на стручни училишта;
  6. подобро професионално насочување на учениците;
  7. создавање предуслови и можности за редефинирање на струките и на образовните профили, односно, профилирање на кадри барани од пазарот на труд.

- Во рамките на Универзитетот „Кирил и Методи“ постои интегриран универзитетски софтвер кој овозможува соодветна евиденција на студентите, при што може да се добијат и податоци за матичните средни стручни училишта на запишаните студенти.

## 6. Заклучни согледувања за системското следење на одредниците на учениците после завршувањето на образовниот процес

Врз основа на интерпретацијата и на анализата на добиените податоци од менаџментот, од наставниот кадар и од учениците од средните стручни училишта, од работодавачите, од локалната самоуправа, од завршените ученици со статус на невработени лица и од институциите надлежни за средното стручно образование за системското следење на одредниците на учениците после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште се добиваат следниве заклучни согледувања:

- Системско следење на одредниците, односно, на припадноста на завршените ученици после средното стручно образование не постои.
- Постои силно изразена потреба од воспоставување системско следење на движењето и на одредниците на завршените ученици после заокружувањето на нивното средно стручно образование.
- Постои висока подготвеност на училиштата и на сите релевантни чинители да учествуваатаат во градењето систем за следење на одредниците, односно, на припадноста на завршените ученици после ССО.
- Оптимално решение за системско следење на патиштата на учениците после завршувањето на ССО би било воспоставување на посебни професионални служби/сектори со хетероген состав во рамките на надлежните институции кои ќе се грижат за базите на податоци и за нивно аналитичко сведување и користење, согласно образовните потреби.
- Институции кои треба да бидат вклучени во системско следење на патиштата на завршените ученици по завршување на ССО се: средните стручни училишта, Центарот за стручно образование и обука, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Министерството за образование и наука, Универзитетите и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

- Системското следење на одредниците на учениците после завршувањето на ССО треба да биде дизајнирано според индивидуата, сеопфатно и да постојат унифицирани бази на податоци.
- Учениците поседуваат висок степен на информатичка писменост, користење на Интернет услуги и користење на e-mail комуникација.
- Голем процент од ученици сакаат и можат да останат во комуникација со училиштето и после завршување на средното стручно образование заради давање информации во однос на нивните одредници.
- Голем процент ученици согледуваат лична придобивка од давањето информации за нивните патишта после завршување на ССО.
- Временскиот период од пет до седум години после завршување на средното стручно образование треба да биде доволен за давање информации и системско следење на патот на индивидуата.
- Проектирањето и воспоставувањето на системското следење на одредниците на завршените ученици треба да е овозможено со хетерогена (синтеза на повеќе видови комуникација), а не само на еден вид комуникација во споделувањето на информациите.
- Потенцијални закани при воспоставување систем за следење на патиштата на завршените учениците се: недоволните финансиски средства, необученоста на човечките ресурси, недостатокот на човечки ресурси и недоволниот квалитет на опремата.
- Во најголем процент не постои соработка помеѓу работодавачите и училиштата, а и доколку постои, таа се остварува делумно и повремено.
- Работодавачите се отворени и се подготвени за соработка со стручните училишта и согледуваат потреба од системско следење на завршените ученици.
- Постои воспоставена соработка на општините со средните стручни училишта и познавање на структурата на квалификациите на кадарот кој се продуцира на локално ниво.

- Општините немаат соодветно истражување на пазарот на трудот при што постои неконзистентност во однос на податоците за потребите на пазарот на трудот.
- Општините немаат информации/податоци на локално ниво за одредниците на учениците после завршувањето на образовниот процес во стручното училиште, при што постои свесност кај локалната самоуправа од потребата за постоење на системско следење на патиштата на завршените ученици.
- Постоењето на електронски систем (софтверско решение) за следење на припадноста на учениците (вработени, невработени, продолжиле со образование и сл.) после завршувањето на нивното образование и создавање на база податоци за нив, најмногу би помогнало за: креирање на уписната политика во стручните училишта; планирање и спроведување на дополнителни реформи, или интервенции во стручното образование; подобро и поцелисходно планирање на образовниот процес; подобра усогласеност на стручното образование со пазарот на труд; оптимизирање на мрежата на стручни училишта; подобро професионално насочување на учениците и создавање на предуслови и можности за редефинирање на струките и на образовните профили, односно, профилирање на кадри барани од пазарот на труд.
- Училиштата, а и институциите (ЦСОО, МОН, ЗЕЛС, АВРМ и Универзитетите) кои треба да бидат вклучени во поставувањето, во функционирањето, во одржувањето и во развивањето систем за следење на патиштата на завршените ученици не поседуваат потребни и доволни институционални капацитети (организациски, техничко-технолошки, материјални, компетентни човечки ресурси) и финансиски средства за да се воспостави системско електронско следење со бази на податоци, нивно анализирање и проектирање во средното стручно образование заради зголемување на неговиот квалитет.
- Непостоењето на систем за следење на одредниците на завршените ученици доведува до: недоволна транспарентност, споделување на

неаргументирани информации, несоодветна содржајност во информирањето и несоодветно третирање на сопствениот професионален развој.

## 7. Препораки за градење систем за следење на одредниците на учениците после завршувањето на средното стручно образование

Врз основа на анализата за состојбата со следењето на одредниците на учениците после завршувањето на средното стручно образование во Република Македонија, произлезените заклучни согледувања, како и значајноста на ова прашање во насока на подобрување на квалитетот на ССО, може да се дадат повеќе препораки за градењето систем за следење на патиштата на учениците после завршувањето на средното стручно образование.

Препораките би биле во функција на успешно воспоставување, одржување и развивање на системот за следење на патиштата на учениците после завршувањето на средното стручно образование.

**Препораки**

- Потребно е да се воспостави систем за следење на одредниците на учениците после завршување на ССО.
- Системот за следење на патиштата на учениците после завршувањето на ССО во сите сегменти на следење да има индивидуализиран пристап.
- Во поставувањето, функционирањето, одржувањето и развивањето на системот за следење на патиштата на учениците после завршувањето на ССО да бидат вклучени: училиштата, ЦСОО, МОН, ЗЕЛС, АВРМ и универзитетите, со прецизно дефинирани процедури, улоги и надлежности.
- Оптимизирање на решението за системско следење на одредниците на завршените ученици да биде со воспоставување на посебни професионални служби/сектори (независни, или како составен дел на воспоставени други слични служби во училиштата, кариерни центри и сл.) со хетероген

состав кои ќе се грижат за базите на податоци во однос на нивно аналитичко сведување и користење.

- Потребно е јакнење на институционалните капацитети (организациски, техничко-технолошки, материјални, компетентни човечки ресурси) и обезбедување финансиски средства за да се воспостави системско електронско следење на одредниците на учениците после завршувањето на ССО со воспоставени бази на податоци, нивно анализирање и проектирање во средното стручно образование заради зголемување на неговиот квалитет.
- Системското следење на патот на завршените ученици да биде проектирано за временски период од пет до седум години после завршување на средното стручно образование.
- Апликациите на софтверските пакети да обезбедуваат унифицирани бази на податоци, согласно барањата и на потребите за системско следење на одредиштата на учениците после завршувањето на ССО.
- Дизајнирањето на софтверските барања, односно базите на податоците да биде усогласено во рамките на сите релевантни учесници и да обезбедуваат соодветни податоци за индивидуата.
- Проектирањето и воспоставувањето на системското следење на одредиштата на завршените ученици да биде овозможено со хетерогена комуникација (синтеза на повеќе видови комуникација и со искористување на добрите информатички компетенции на следените индивидуи), а не еден вид комуникација во споделувањето на информациите.
- Процесот на комуницирање и споделувањето на информациите во системот на следење на одредниците на учениците после завршувањето на средното стручно образование да биде добро осмислен, организиран и реализиран од професионална служба опслужувана од професионални лица компетентни за статистичка обработка на податоци и нивна анализа во согласност со образовните потреби заради подобрување на квалитетот на образовниот процес.

- Училиштата да ја зајакнат соработката со компаниите и со факултетите и да превземат улога на посредник за поврзување на нивните завршени ученици со пазарот на трудот и со високото образование.

Анализата ја отсликува сегашната состојба и ги одредува потребите од следење на одредниците на учениците после завршувањето на ССО врз основа на согледувањата на менаџментот, на наставниот кадар и на учениците од средните стручни училишта, на работодавачите, на локалната самоуправа, на завршените ученици со статус на невработени лица и на институциите надлежни за средното стручно образование.

Анализата треба да отвори можности за подобрување на состојбите во однос на системското следење на одредниците на учениците после завршувањето на ССО, а со самото тоа да продуцира зголемен квалитет во стручното образование.

Анализата треба да придонесе во креирањето и во градењето модел за следење на одредниците на учениците после завршувањето на ССО, модел кој треба да придонесе во трасирање на патот за позитивни промени во организациско-техничката култура на образовните институции, во стандардизирање на одредени сознанија во однос на следењето на ССО, а исто така, треба да биде провокација за понатамошни истражувања во оваа област и за развивање нови модели и решенија за подобрување на квалитетот на средното стручно образование.